**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеснаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Илинка Митрова, Мери Млаедновска-Георгиева, Радмила Шеќеринска, Али Ахмети, Азис Положани, Теута Арифи, Љубисав Иванов-Ѕинго, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Даут Реџепи, Фијат Цаноски, Абдуљади Вејсели, Љубчо Георгиевски,Благој Зашов, Оливер Шамбевски и Фазли Велиу ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Претресот по амандманот на член 1, став 1 за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Фазли Велиу, Аднан Јашари, Џевад Адеми, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, Селвије Салиу, Агрон Буџаку и Ајше Селмани е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 65 пратеници, гласале 58 пратеници, за гласале 4, воздржано 2, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 алинеја 5, поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Марјан Додовски и Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика Љупче Мешков. Повелете.

**Љупче Мешков:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

По овој амандман се дискутираше долго во изминатите денови и дискутираа многу пратеници од речиси сите парламентарни групи во Собранието. Јас ќе бидам многу кратка и само ќе ве потсетам на некои од нив. Значи да не се најде ВМРО засегнато, бидејќи ќе одам по датуми, ќе почнам од 12 јануари 2007 година од општата расправа по овој закон и еве ќе го цитирам господин Александар Спасеновски, кој во својот говор на тој ден на едно место вели:

"Почитувани, иако со законот како што гледаме беа предвидени повеќе измени, како што можевме да забележиме и од расправата тука, копјата се кршеа и во однос на идејата Владата за неработни денови за верниците од православната вероисповест да ги прогласи Божик, Богојавление, Велики петок, Успение на Пресвета Богородиц и Задушница, како и да биде прогласен 23 Октомври - Денот на основање на ВМРО за државен празник".

Во набројувањето на аргументите за тоа што треба да се празнува, 23 Октомври истиот пратеник како прв аргумент наведува: "Во оваа насока би укажал само на следните аргументи кои одат во прилог на идејата, прво, знаеме дека основањето на ВМРО е историски чин кој има клучно влијание во националното будење на Македонците за создавање на сопствената држава".

Господин Оливер Спасовски од СДСМ вели за 23 Октомври како ден на ВМРО, па обраќајќи се на мнозинството во Парламентот вели: "Па дури и не сте искрени да го наречете како празник на формирање на ВМРО, туку ден на македонската револуционерна борба". Притоа сметам дека госпдин Оливер Спасовски смета дека овој ден треба да се видка ден на ВМРО.

Илија Димовски: "Исто така е факт дека формирањето на ВМРО како организација на 23 октомври во Солун е зародиш, е почеток на организирање и целокупна борба за целокупната борба за Македонија за своите комитети, со својата тајна полиција, со својата тајна пошта и тн.".

Трајко Вељаноски: "Подоцнежните буни, востанија на македонскиот народ и граѓаните, вклучително и борбата за национално ослободување за време на Втората светска војна, во поголема мерка се темели на идеите кои произлегуваат од 23 октомври, од што произлегува ВМРО и кои се организирани од припадниците на организацијата". Подоцна во својот говор господин Вељаноски ќе рече: "Празнувањето на 23 октомври е неопходно затоа што претставува најдобар начин државата да искаже благодарност на сите припадници на ВМРО од 1893 до 1990 година, кои беа убивани, следени, лежеа по затворите Голи Оток и Идризовво се заради тоа што имаа идеа и сакаа да имаат самостојна и независна македонска држава".

Господин Петар Поп Аросв на 12 јануари 2007 година вели: "На 23 октомври 1893 година, како што реков, е формиран Македонскиот револуционерен комитет, односно Македонската револуционерна организација. Години наназад

таа организација и нејзиното име претрпе неколку трансформации, но многу подоцна го зема името ВМРО. Ова значи континуитет и затоа треба да се почитува и слави.”

Четиринаесетта седница, 15 јануари 2007 година, Есад Рахиќ вели: “Мене лично не ми пречи, меѓутоа, јас бев можеби повеќе подготвен да го славам како ден на ВМРО, како државен празник и тоа апсолутно стои затоа што сите овде што зборуваме, никој не кажа дека тоа веќе станува традиција со четири златн и букви.”

Јован Гинев: “Предлогот на законот за празници и целата битка се сведува на опозицијата да го оспори донесувањето на законот за празниците, 23 октомври 1893 година се одбележува дека тоа е закон кој произлегува само на една партија”.

Тоа вели опозицијата. Во продолжение на истиот говор истиот пратеник на парламентарното мнозинство значи од ВМРО-ДПМНЕ говори: “Ако ми дозволите, јас малку пошироко би дал образложение зошто е тоа така. ВМРО се појави како тајна самостојна независна револуционерна организација да го ораганизира, подготви и поведе македонскиот народ на вооружена борба за национално ослободување, чија програмска платформа, како и крајна цел беше ослободување на Македонија и создавање на самостојна држава. Основачите на ВМРО во далечната 1893 година беа не само македонски патриоти и револуционери, туку во нив беше собрана идеолошката, интелектуалната сила на македонското револуционерно движење. Основањето на ВМРО отвори нови страници во ослободителнита борба на македонскиот народ, предизвика огромен интерес на Балканот и Европа и стана една од најголемите, најавторитетните, најбројните и најсилните револуционерни организации”.

Јагнула Куновска, НСДП: “Овие борци нивната идеа, нивната кауза е предвестие, следбеник на нив е Илинденското востание. Илинденците се бореа под знамето на ВМРО. Тие се бореа за автономна, за самобитна Македонија”.

Иван Анастасовски, НСДП: “Станува збор за празнување на еден континуитет. Станува збор за празнвуање на еден празник на една величина, која само запона на 23 октомври 1893 година, а заврши некаде деведесетите со референдумот што го имаше оваа земја и кога го донесе Уставот. Исто така,  со овој конкретен празник што сакаме да го прославиме ќе одадеме признание на оние луѓе кои се бореа против комунизмот, кои беа дел од една голема група дисиденти во Источна Европа, чие дејствување во крајна линија доведе до пад на комунизмот. Тоа се идентификува со идеите на ВМРО заради тоа што друга организациона сила, па макар била таа и во дијаспората, немаше и тн.”

Потоа зборуваа Оливер Шамбевски, Миле Пачемски, Сафет Незири, Лилјана Поповска, па еве и Весна Бендевска вака вели: “Ако сакате да го протежирате 23 октомври како ден на ВМРО, тоа е вред. Тоа е денот кога е формирана Внатрешната македонска револуционерна организација”.

Еве, Лилјана Поповска што рекла: “Почитувани колеги, јас сметам дека треба да се празнува денот на ВМРО, затоа што ВМРО е мит, мит врз кој е градена македонската држава, меѓу останатото покрај другите митови и не треба да се стеснуваме да го признаваме денот на ВМРО. Тука апсолутно не држи што некоја партија или некои партии имат предзнак ВМРО. Дали некому му пречи што условно кажано левичарски ориентираните сили за време на НОБ го започнаа востанието на 11 Октомври во Прилеп, па сите се гордееме со тој ден. Тоа е ден на сите нас и ни ја грее душата. Мислам дека и ден на ВМРО треба да се примени на ист начин. Меѓутоа, идејата за ВМРО како борба за македонската држава беше таа која ги кренала луѓето низ последните век и тоа е она што треба да се чествува, тоа е она што треба да се празнува”.

Во корист на времето би сакала едно да кажам. Не случајно читавм стенографски белешки и изводи од говори, затоа што луѓето овде во салата кажале што сакаат и што мислат и оние од позицијата и оние од опозицијата. Сите тие се согласуваат, а верувам и оние кои немаат можности да се искажат, дека овој празник треба да се слави. Проблемот е во тоа како треба да се нарече. Ние од нашата парламентарна група чесно, отворено и искрено го нарековме ден на ВМРО, и незнаејќи притоа дека нашите колеги ќе се изјаснат во тој правец. Сметам дека сосема јасно е примена пораката на нашиот амандман, не да ја корегираме Владата во насловот на празникот, туку да ја доближиме историјата и вистината во името на празникот.

Затоа, ги молам пратениците, иако не ми е јасно зошто Владата го одбива овој амандман, да ги преиспитаат своите чувства, да се посоветуваат со своите претци, да ги прашаат своите, ако воопшто ги има, баби и дедовци ако се живи или прадедовци од тој период и чесно да го стиснат копчето за овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ. Повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министер Мешков,

И во општата расправа имав едно мое кусо размислување, ќе се обидам и сега да бидам кус и да дадам придонес во делот на амандманската расправа со намера да го скусиме времето, бидејќи со сиот респект спрема предлогот на Владата и Парламентот дека предлолго дискутиравме за еден закон кој што е битен, меѓутоа, не најбитен. Симнувајќи се долу на масата кај мене видов Предлог-закон за социјална заштита и сметам дека прво е оштетен господин Мешков кој што е извонреден министер и кој што немаше време во својот сегмент денес да разговараме можеби за поголеми пензии, за заштита на социјалните права на граѓаните и затоа ја поздравувам одлуката на Владата што

беше во саботата, иако имам една мала замерка. Имено, доволно беше вие да се сликате, доволно сте умен и паметен и убав, а не да се слика половина Влада.

Да се вратам на амандманот. Јас ќе го подржам овој амандман затоа што лично сметем дека 23 октомври, предлогот што добивме како ден на Македонската револуционерна борба, не е соодветен. Без да ги навредам чувствата на моите колеги, пријатели и сите оние кои го чувствуваат ВМРО како свет и оние што зборуваат, а меѓу тие сум и јас, сепак е претенциозно овој датум да се земе како почеток на Македонската револуционерна борба, сметајќи дека и во нашите сегашни празници, вклучително со Илинден и во некои други имаме доволно место да зборуваме дека Македонската револуционерна борба почнува порано или подоцна.

Да не се враќам назад во историјата на Креснен и Разловци, па ако сакате слушајќи ги разните расправи за потеклото на Ѓорѓија Кастриот или Џерџ Кастриот или Скендер Бег, без разлика дали бил Македонец или Албанец во неговите редови се бореле и македонци, добар дел од неговата војска биле македонци и на пример неговиот роден ден или датумот од неговото битисување може да биде славен како ден на македонската револуционерна борба.

Затоа сакам уште еднаш да не ги спомнувам Ѓорѓи Војтех, Петар Дељан и востанијата што биле низ историјата на македонскиот народ кои многу ги имало за кои мене ми е драго дека токму илинденците односно нивните потомци во 1941 година на вториот Илинден ја донесоа слободата на овој напатен народ и сметам дека токму 23 октомври, бидејќи ВМРО ги доби изборите, отворено можеме да разговараме, бидејќи во Буџетот донесовте средства за Музејот на ВМРО, вие сте мнозинство иако можеби 310 илјади гласови не ви даваат за право, меѓутоа, сегга сте во можност она што го зборувате четирите свети букци да ги преточиме навистина да бидат свети.

Ова го кажувам од аспект затоа што пред неколку дена бев сведок на една изјава на лидер на една соседна држава на една политичка партија која исто во своето име го носи името ВМРО сакаат да ја редефинираат македонската историја. Лично сметам дека со давање на празник на 23 октомври денот на ВМРО ќе го брендираме, ќе го заштитиме ВМРО затоа што сакале или не да признаеме ние, незнаејќи како да се штитиме останавме без ајварот, останавме без шарпланинецот, утре ќе останеме без ВМРО, некој се обиде да ни го земе и Александар Македонски, јас лично не би сакал да отидеме до таму.

Затоа уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство, без оглед што можеби утре ќе дојде некоја нова власт која нема да смета, таа ќе укине или некој ќе бара вие како партија да се откажете од дел од името ВМРО-ДПМНЕ, јас сметам дека треба да го подржите овој амандман на Весна Јаневска и јас ќе гласам за тоа.

На крајот уште една работа, лично сакам да кажам дека очекувам Владата уште еднаш да размисли за мојот предлог, роденденот на Александар Македонски биде државен празник. Ако може еден американски сенатор или конгресмен кој имавме прилика и јас и вие да го видиме да ни заблагодари за тоа штона светот му го дадовме Александар Македонски, јас сметам дека нема поголем празник за нас македонците од роденденот на Александар Македонски.

Јас ќе гласам за овој амандман, за законот како СДСМ не сум сигурен, а како претставник од етничките заедници што гласат според Бадинтер, ќе му дадам поддршка на законот. Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре Мешков.

Пред нас е амандманот поднесен од нашата политичка партија со единствена цел да расчистиме една ситуација која беше наметната со овој Предлог на закон.

Значи, 23 октомври може да биде само едно ден на ВМРО, како ден на македонска револуционерна борба можеме да издвоиме многу, многу датуми од историјата на македонскиот народ кои, на некој начин, укажувале за борбата на народот, за извојување на независна држава, за самостојност, за автономија. Значи, и пред 23 октомври 1893 година имало востанија кои се кревале како Разловечко, Кресненско години, векови station наназад, меѓутоа, 23 октомври стар стил или 5 ноември нов стил 1893 година едно е сигурно дека се удрени темелите на македонското револуционерно организирање. Значи, од тој момент, па се до ден денешен почнува организирано да живее македонската организација и она што се нарекува дух, она што се нарекува идеа, она што се нарекува водич за секој Македонец денес да ја имаме оваа независна држава. Независна од тоа како се одвивала целата ситуација во тој период од состанокот на 23 октомври каде се удрени темелите, а темелите се основани токму во пет точки кои многумина ги знаат, меѓутоа, за мало потсетување.

Прво, организацијата да биде тајна и револуционерна.

Второ, нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници поради што ќе се нарекува и внатрешна.

Трето, во неа ќе членуваат лица родени и што живеат во Македонија, без разлика на вера и народност.

Четврто, политичкото вјеruj на организацијата е автономија на Македонија.

Петто, да се запазува самостојноста на организацијата за да не се потпадне под влијание на политиката на владите на соседните држави.

Значи, сосема е јасно дека 23 октомври е повеќе од ден на ВМРО. Тоа е ден на Македонија, ден на македонскиот народ. Навистина за нас тука во ВМРО-Народна партија воопшто немаше дилема дали треба да биде ден на ВМРО, меѓутоа, овде во собраниската сала посебно мислам на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ како ќе се однесуваат во моментот на гласање на овој амандман кога ќе треба да се стисне копчето дали ќе гласаат за ВМРО или ќе гласаат против ВМРО. Навистина е големо прашањето.

Би сакал да дадам одговор во однос на тоа дали е ВМРО партиски празник или не. За мало потсетување, сите политички партии си имаат свои датуми. Свој датум си има ВМРО-Народна партија, свој датум си има ВМРО-ДПМНЕ. Ние го имаме 4 јули, ДПМНЕ го има 17 јуни, а 23 октомври е денот кој треба да биде ден на ВМРО и ништо друго. Целосно се согласувам со господинот Рахиќ ова е ден не само за оние кои се во партиите ВМРО, не оние кои членуваат во другите партии, туку денот 23 октомври како ден на ВМРО е ден на сите граѓани на Република Македонија, затоа што сите кој директно, кој индиректно од овие четири букви во изминатиот период се бореле за добивање на независност на Република Македонија.

Бидејќи многу беше кажано до сега за 23 октомври, јас сум длабоко убеден дека бистрата мисла кај сите членови во Собранието на Република Македонија ќе надвладее и дека 23 октомври сите заедно ќе го славиме како ден на ВМРО и дека тоа ќе биде гордост на македонската држава. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе, почитуван министре, уважени колеги пратеници,

Најпрвин имам едно, би рекла, поексклузивно чувство од тоа што се однесува на дискусијата на нашиот амандман од ВМРО-Народна партија, а тоа е следното дека конечно имам можеби индивидуално, но во спрега сум дека веројатно и сите мои колеги го имаат истото чувство да им се извиниме на македонскиот народ и на македонската јавнсот, бидејќи е кајно непријатна дозата со која го прокламираме овој закон и наместо навистина тој да беше празник за очите и ушите на македонската јавност, морам да забележам, дека станува помалку непријатно, стануваме здодевни и помалку блуткави со нашите дискусии. Навистина она што се провејуваше од страна на моите драги колеги пратеници дека можеби не е време и место токму сега и можеби после март, април ќе беше сосема логично да разговараме на оваа тема, но тоа што е законот го имаме, амандманот од ВМРО-Народна партија е сега на дневен ред, мораме да си ги одбраниме ставовите. Впрочем, тука сме заради тоа.

Јас и во дискусијата по Предлог текстот кажав неколку работи, ќе се повикам на еден голем филозоф Стејс кој вели дека во животот не можат да постојат две вистини. Главната, поентираната вистина има секогаш точна методологија како да се стигне до неја, а тоа е всушност следното:

Вистината мора да биде таква и таква, се што значи воопштување терминолошко, лингвистичко, тоа значи дека бегаме од вистината. Според тоа, моите забелешки и од страна на ВМРО-ДПМНЕ беа токму од тој аспект. Воопштувањето на датата 23 октомври и лингвистички и терминолошки вака како што е со Предлог законот, тоа да биде ден на македонската револуционерна борба е всушност бегање од историскиот контекст. Ние имавме реална шанса еднаш засекогаш малку да се исчистиме од историските факти по малку да се обединиме околу овој празник, она што и господинот Андов зборуваше, она што и вие претседателе го прокламиравте со вашите дискуии дека нема левица, дека нема десница, дека некои од одговорите на драгите колеги од опозицијата и дадоа поинаква митолошка димензија на ВМРО со која апсолутно се согласуваме, нема дилеми дека тоа е дата на која навистина е она што е прамајка на денешната слободна независна Македонија ваква каква што е. Но, дозволете во рамките на тоа тогаш треба да бидеме вистинити пред историјата. Ако нашите историчари говорат дека Илинден не може без ВМРО, без внатрешната македонска револуционерна организација, тогаш навистина е реално тоа да биде ден на ВМРО.

Значи, во Русија кога ќе појдете велите тоа е ден на Чехов, значи можеше да си подбегнат и друштвото на руските писатели да речат да, тоа е ден на руската писателска асоцијација, но затоа тие имаат Ден на Чехов, Ден на Достоевски и т.н. Во точноста, во детерминацијата на тоа дека е тоа ден на ВМРО.

Според тоа, понатаму ќе имавме реални шанси да ја образуваме нацијата, да ја детерминираме образовната едукација на нашите деца, а што значи тоа? Во историските читанки на Факултетот за правни науки, на Факултетот за историја при Филозовскиот факултет, онаму каде беше спрега овој момент да направиме едно ревидирње, една ревизија да ги повикаме историчарите од Институтот за национална историја еднаш да кажат за какво ВМРО станува збор. Имаме право да славиме ден на ВМРО.

Според тоа , апелирам и ги поканувам колегите од ВМРО-ДПМНЕ бидејќи идеата во 1990 година, во 1991 година со ВМРО-ДПМНЕ беше создавање на независна Македонија. Но, погледнете ги сите стенограми на тогашните митинзи на ВМРО-ДПМНЕ. Нема реченица во која нема кажано дајте да ја направиме

независна Македонија со учество на албанците, турците, и власите, подеднакво исто особено алудирам да ги потсетам моите колеги на митинзите од Гевгелија, на митинзите од Кичево особено вие претседателе уште подобро знаете од мене дека станува зборшe збор за една иста таква автономија каква што беше од Крушевскиот манифест.

Ако сега го погледнете крајот на Крушевскиот манифест е прекрасно исто детерминирано како што е тенденцијата на овој момент за кој ние разговараме за европска Македонија, се разбира со учество на сите етнички заедници.

Особено заради тоа ако кажеме македонска револуционерна борба, тогаш ни е страв дека ќе дојде некое ново поколение, еден нов пратенички состав со кое ќе имаат потполно право да побараат и за Карпошовото востание како дел од една макеоднска револуционерна организирана борба се разбир аи на Кресненското востание. И тоа е детерминирано пред 23 октомври како ден на македонската револуционерна борба или е во склоп на една нова вооружена организациона борба.

Сакам да немаме дамки во нашиот реторички дел. Дури мислам дека и министерот не мора да ги достаса тие елементи. Ставот на опозицијата во нивните стенографски белешки, колку што можевме да ги видиме, е секаде да, тоа е ден на ВМРО.

Сакам само да повикам на еден од клучните моменти од Уставот на ВМРО во кој и тогаш, а особено не знам дали моите колеги се сеќаваат на една книга од Мартин Треневски во која многу уредно ги има забележано австралиските белешки на сите австралиски медиуми кои го анализирале востанието. Тоа е многу интересен документ, книга која треба да ја имаме сите, тоа се белешки кои успева во долготраен период да ги собере господинот Мартин Треневски, да ги забележи и навистина ќе видите дека децидно го пишуваат ВМРО како внатрешна македонска револуционерна организација. Таму велат дека е подготовка на востание, но многу ретко терминолошки ќе сретнете македонска револуционерна борба. Тоа се исто така факсимили и документи кои укажуваат на тоа дека тоа биле денови од австралиските печати, а тоа се некаде над 12 во книгата на Мартин Треневски во која децидно кажува дека ВМРО подготвува такво и такво востание. Тоа се многу кратки вести кои се уредно забележани.

Дел од Уставот кажува следно. Внатрешно македонската револуционерна организација не може да му служи на никоја држава и на ниедна партија. Внимавајте, затоа јас благодарам на колегите од опозицијата кои многу точно и доследно укажуваат да, не е во ред да ја поткренеме на таква основа до колку македонскиот народ нема искрено, колективно чувство за славење, а не само на членството на ВМРО.

Значи, таа не служи на ни една држава, на ни една партија во која и да е држава, во која и да е целина, таа се бори лично за човечки, граѓански права, за слободно и културно самоопределување на народите и политичкото самоуправување на Македонија. Погледнете, тоа е еден од ставовите на Уставот на ВМРО која, ако сега го преземете и го препеете апсолутно е така. Навистина тој датум треба да биде празник на колективното чувство на граѓаните на Република Македонија.

Во делови од Уставот никаде не се говори каква треба да биде разбрана точната детерминација и мислата, суштината која ја има политичкото вјеруј во ВМРО. Правилно разбрана мислата им одговара од името на ВМРО, се пишува, во која смисла? Дека таа не смее да се расправа, во основа го има и со било кои предизвикувачи кои ќе го негираат името на ВМРО.

Мислам дека и Уставот напишан од Петар Поп Арсов има исто вакви цели кои ги имаме ние денеска. И делови од ставовите на ЦК на ВМРО да останат докажани, реални пристапници на ВМРО. Дел од тоа е една интересна реченица која стои и која би сакала да ја примам дека ВМРО е национална организација во која зема учество едно цело македонско население без разлика на партиски убедувања, националност, религија, пол и возраст. Македонската организација не смее да биде партиска, класна и има уште еден збор, тоа е сталешка. Бидејќи во тој миг кога ќе стане партиска, таа ќе се ослабне и ќе се распадне.

Ова ми беше поентата на денешната дискусија, почитувани. Ако ја наметнеме денеска на сите овие десет дена во разговорите, денеска конечно треба да ја завршиме, ја наметнеме како таква, а да не биде граѓанска во име на целиот македонски народ, тогаш верувајте ќе се повикам на академик Блаже Ристевски кој имаше ваква изјава ниту ВМРО-вците ќе ја слават датата, ниту обичните граѓани, ниту левицата, ниту десницата. Е, тоа е веќе опасно. Тогаш веќе ќе бидеме ставени на срамниот историски пиедестал да се сетат идните поколенија кои ќе дојдат, а ќе бидат парламентарци и ќе речат, чекајте, каков амандман, што донесоа овие, каква дата е оваа, на каква воопштена македонска револуционерна борба, па тогаш ќе имаат право и етничките заедници да речат, па овде во ова не пишува дека се бореа и албанците и турците и власите и ромите, оти нема до крај напишани стенограми во кои може и ние да се препознаеме и т.н.

Дел од дискусијата на господинот Андов навистина ја чувствувам за блиска или да речам номенклатурна во оние ставови кои ги наведува приближно се поистоветувам со неговите ставови, треба да ги преземеме како еден сериозен политичар кој навистина знае да наметне една политичка теза.

Но, видете што ќе се случи. Ние имаме амандман и сосема е можно нашиот амандман да не се

изгласа. Значи, ние ќе бидеме во спрега дали да го гласаме амандманот сега на постоечкиот Предлог закон, всушност на датата која е дадена во карактеризација на Предлог законот и тука имаме реални несовпаѓања со коалициските партнери. Еве слушам господинот Иван Анастасовски се вознемири тоа не биле негови стенограми, тој тоа не го прифаќа, госпоѓа Јагнула Куновска имаше еден прекрасен говор навистина политички одржан, се работи за пренебрегнување на историскиот контекст во каква тоа ВМРО-ДПМНЕ коалиција ќе го носи овој сериозен датум. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници,

Во однос на овој амандман што е предложен, со што се бараат зборовите “Ден на мкедонската револуционерна борба”, во член 1 став 1, алинеја 5 да се заменат со зборовите “Ден на ВМРО”.

Се согласувам со предлагачите од ВМРО Народна дека навистина се поставува прашањето македонската револуционерна организација за што се бореше? За каква борба станува збор? Се разбира, кој се борел?

Овде се поставува една дилема ослободителната револуционерна борба дали почнала од 1893 година, оспорувајќи ги претходните востанија, како што беше Његошевото во 1892, потоа Разловечкото востание во 1878 година и Кресненското востание во 1878 година.

Кога се говори за овој амандман , Денот на ослободителна борба да се замени како ден на ВМРО, мислам дека не е добро дефинирано, затоа што оваа организација името ВМРО, колку што јас знам го доби во 1905 година на Рилскиот конгрес. До овој датум ВМРО е нарекувана со разни имимња. На пример ТМОРО, ТМРО, ВМОРО и на крајот го добива името ВМРО. Мислам дека овој предлог не може да се поврзе со 23 октомври, затоа што тогаш е да речеме Македонска револуционерна организација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитуван министре на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Токму со овој амандман се допре суштината на она што ние го говоревме околу 23 октомври, мислам дел од пратениците од опозицијата, вклучувајќи ме и мене, дефиниран како “ Ден на македонската револуционерна борба”.

После многудневните дискусии, навистина не сакам да одземам многу од времето, затоа што на граѓаните на Република Македонија и празниците им одмилија со нашите дискусии. Да не се повторувам, Владата, ако имаше за цел да Парламентот расправа 10 дена и со тоа го одвлече вниманието од тоа што таа го работи или не го работи, успеа во тоа. Ние, еве, 10-тина дена расправаме за законот за празниците.

Меѓутоа, за да не остане нејасно пред македонската јавност, или како што овде беше дадена интерпретација од одредени колеги од ДПМНЕ дека ние немаме јасно изразени чувства каде припаѓаме, дека сме идеолошки задоени, дека не знаеме како да се послужиме со научната метода и да дојдеме до вистината, сакам да кажам дека Владата, со невидена, ова е невидена хипокризија на Владата да подметне еден ваков закон и да го дефинира 23 октомври Ден на македонската револуционерна борба.

Почитувани колеги пратеници,

Навистина нема или многу малку се оние кои ВМРО не го чувствуваат како почеток на нешто, на нешто значајно, формирањето, нешто што довело до независна Република Македонија, но никако како почеток на револуционерната борба. Токму поради тоа кажав зошто ние со леснотија се откажуваме од сето она што претходно се случувало а било многу значајно, всушност сето она што може да се претстави како искри од кои што се разгорел пламенот на револуционерната борба на Македонија.

Онака како што сака ДПМНЕ да ни го претстави одовј ден и онака како што сака да не етикетира сите нас дека немаме чувство, немаме изразено македонско чувство и, подметнувајќи го овој закон само со единствена цел да ги исполни предизборните ветувања дадени на членството и тоа исклучиво само на нивните членови, сите ние другите, а верувајте не сме малку, ако се има предвид фактот дека Коалицијата за подобра Македонија освои нешто над 300.000 гласови, значи голем дел од останатите чувствуваме како да ни е украден дел од историјата.

Сметам дека ВМРО-Народна партија со овој амандман сака јасно да ги дефинира нештата, не задскривајќи се и при тоа не откажувајќи се од дел од историјата што е многу значајно за Македонија. Навистина, со овој амандман се постигна, се дефинираа работите со вистинското име и е потврда на она што ние го говоревме, дека вака дефинирам 23 октомври, Ден на македонската револуционерна организација, не е добро да стои овде во членот 1, туку напротив дека треба да се даде поинаква конотација.

Мислам дека, можеби, би забележала само нешто на овој амандман. Добро е што е вака дефиниран, но јас, во она што го говорев во мојот говор, да останам доследна на тоа, сметам дека државноста на Република Македонија би се заокружила со четирите алинеи што се дадени, за тоа веќе елаборирав и сега не би се повторувала, додека за останатите два празници и тоа веќе вака јасно дефинирани би требало да бидат празници на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Ѓорчев Владимир. Повелете вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Чисто, во поглед на она што го кажа колешката Роза Топузова-Каревска, таа постојано и со некоја намера и со индигнација не нарекуваше ДПМНЕ, ДПМНЕ.

Госпоѓо Каревска,

Многу пати сме ви реплицирале, многу пати сме ви појасниле, неброено пати сме укажале, но добро е уште еден аспект да се нагласи, а тоа е дека за 2-3 или 4 години можеби ќе сакате да дојдете во коалиција со оваа партија. Можеби ќе дојдете да побарате потсекретар во некое министерство,можеби ќе дојдете да побарате место директор во некое јавно претпријатие, можеби ќе сакате да остварите комуникација, можеби ќе сакате да направите коалиција, тогаш ќе се сетиме на овие ваши постапки, овој ваш анимозитет и едноставно може и себе си да се доведете во една непријатна ситуација од луѓе кои ете, вака намерно сте ги понижувале да сакате да остварите некаква соработка. Сигурно, тогаш ние ќе се сетиме на ваквиот ваш пристап и едноставно, не е добро, не е во ред.

Би ве замолил, кога ја нарекуваат оваа партија со име, да ја нарекувате онака како што треба и како што е запишано во македонските закони, онака како што е запишано во нашите деловници, Собранискиот и документите и онака како што налага политичката коректност, што кај вас континуирано и постојано ја нема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:**Благодарам.

Контра реплика Роза Топузова-Каревска.повелете, вашата минута.

**Роза Топузова-Каревска:** Во никој случај репликата на почитуваниот колега нема да ја сфатам како закана, напротив како покана за сораборка, би ја толкувала. Не би сакала да должам, да образложувам, сосема на кратко.

Почитуван колега,

Навистина не знам зошто така ме разбирате. Апсолутно не се работи за никаков анимозитет кон ВМРО-ДПМНЕ. Напротив, се работи за голем респект кон ВМРО. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Сведоци сме дека веќе 2-3 недели македонската јавност, посебно македонскиот Парламент стана заложник на Законот за празници. Блокирана е работата во државата, блокирана е работата во македонскиот Парламент поради овој закон за празници.

Несреќната идеја на Владата на Република Македонија кулминираше со новите предложени амандмански празници, така што дојдовме до бројката 20-30, до крајот на расправата можеби и ќе дојдеме до 40 празници што ќе се празнуваат во Македонија се заради, мое мислење, убедена сум, овој 23 октимври.

Мерка за љубов и патриотизам не постои. Постои мерка за тежина, тоа е килограмот. Постои мерка за должина, тоа метрото, а мерка за патриотизам кон државата Македонија не постои.

Би сакала да апелирам кон членовите на ДМПМЕ да не ги злоупотребуваат повеќе четирите светли букви за Македонскиот народ. Да престанат со злоупотреба на буквите ВМРО како би профитирале. Сведоци сме на еден нивен поранешен лидер кој со тие четири букви профитираше и стана еден од најбогатите граѓани на Балканот. Сведоци сме дека перманентно се продолжува од некои од сегашните лидери, како на парламентарното мнозинство, така на Владта на Република Македонија повторно да се профитира со четирите свети букви за Македонскиот народ ВМРО. Мислам дека е многу чесно од страна на ВМРО-Народна, многу е чесна идејата за овој амандман. Мислам дека е редно да престанеме, мислам дека е редно да се свртиме кон иднината и кон сегашноста, кон економијата, кон џебот на македонскиот граѓанин кој е многу, многу плиток и да престанеме да буричкаме во историјата и да профитираме од историјата на Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплики се јавија госпоѓа Валентина Божиновска, господин Марјан Додовски и госпоѓа Весна Јаневска.

По тој редослед, повелете Валентина Божинивска три минути.

**Валентина Божиновска:** Господине претседателе,

Се сеќавам на миговите кога овој прекрасен пратеник господин Ѓорчев, кон кого навистина имам интимни лични задоволства секогаш кога го слушам и сметам дека е апсолутно еден вонреден ВМРО-вец во ДПМНЕ. Би сакала да му кажам две работи. Тој ги знае. Тој нема да ми полемизира овој пат.

Првото е дека една од основните карактеристиките во Статутот што го пишувал Петар Поп Арсов биле етичноста и моралот. Но во принцип тоа значело еден елитизам и една аристократија што ја имале. Затоа се договарале каде да биде конгресот дали во Виена, дали да биде во Москва итн. Погледнете ги нивните ликови, погледнете нивните одежди. Апсолутно се работело за еден високореволуционерен арустократски дух на однесување.

Според тоа, сметам дека, јас лично морам да ви признам, кога би била власт и кога би имала шанса да бирам јас навистина би ја избрана госпоѓа Роза Топузовска-Каревска да ми биде вонреден министер во својата влада.

Крајната цел на ВМРО е токму тоа, обединување на ителектуалниот потенцијал и ум, зарем не.

А второ, госпоѓата од СДСМ се вознемири. Собранието право. Никој не можел да се збогати со ВМРО. Со ВМРО можел да направи благонаклонетост кон духот. Со ВМРО и припаѓањето на ВМРО сте можеле да се

чувствувате торжествено. Со членувањето во ВМРО сте можеле да се чувствувате по малку и грандиозно. Но, да апелирате и да кажувате, тоа е токму за невистина за кривична пријава. Кој е тој човек кој можел да се збогати од 4-тирите букви на ВМРО? Тоа дали значи, апострофирајќи и ударијаќи или на контратеза дека можеби претседателот ваш успеал да се збогати со неговите сметки? Дали тоа значки дека некој од СДСМ можел да се збогати? Не. Се разбира дека не.

Но, да бидете дел од ВМРО и да бидете сериозно одговорен и да ја имате идејата за создавање на независна Македонија и да бидете челник во тоа и да помогнете во тоа и да ја направите независна Македонија, зарем тоа не е достапно доволно?

За какви обвинувања станува збор овде? За какви острици фрлање, госпоѓо Верице Филипова станува збор? Едни дд главните номенклатури на Штипскиот општински комиетет, вие потекнувате од тој крај, од Ново Село, биле учење на сериозни дејци. Внимавајте на реториката, внимавајте на репликите како ги издавате. Оти, зборот е оружје и стрела гопоѓо Филипова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика нема.

Господин Марјан Додевски, вашите три минути.

**Марјан Додевски:** Благодарам претседателе,

На колешката од СДС Верица Филипова би сакал напоменам неколку работи.

Госпоѓо, вие, во моментов живеете во Република Македонија како независна држава и седите во парламентот на Република Македонија и како единствена причина и заслуга за тоа што токму ВМРО 1990 година беше единствената снага што покрена иницијата за независна Македонија. Многумина од вашите лидери во тој период станаа и пеева во тој период, на химната на една распадната држава во овој парламентарен дом во поинаква иконографија овде. Беа против тоа да се ставаат симболите на Република Македонија и оние кои значеа нешто за Република Македонија и оние кои се идентификуваа со независноста на нашата држава, за таа независна Македонија оние кои најмногу се бореа, нормално, сакате сега да ги оцрните, да ги дисквалификувате. А токму вашите лидери, од таа независна Македонија во тој период, во 90-тите години, кои плачеа за Југославија и мислеа за другите фронтови горе, а не знам колку мајки ќе плачеа денеска во овој момент да не беше тоа ВМРО, туку нивните деца ќе беа во Карловац, ќе беа во Вуковар и ќе беа на фронтовите во Босна и Херцеговина, а не во Република Македонија, во Армијата на Република Македонија и сето она што се нарекува независна држава Македонија.

Е, за возврат на тоа, вашите лидери ја направија најголемата криминална приватизација до 1998 година и тука барајте го и октоподот и сите оние кои се збогатија.

Не, никој не се збогатил на името на ВМРО, на тие четири свети букви. Се борело и се гинело за ВМРО. Се борело за независна Македонија. А, сите тоа, од вашите редови, не сите, во најголем број го искористија за криминални приватизации за богатење и за тајни сметки во странство. Е тоа е тоа што треба да го дознаете. Едноставно, некој мора вака директно да ви го каже сето тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика нема.

Повелете Весна Јаневска, вашите три минути.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денеска зборував многу кратко, сметајќи дека тоа што беше важно го кажав пред два дена и дека нема потреба да се повторувам, барем не пред пратениците на ова Собрание, за кои сметам дека имаат капацитет да се разбираат меѓу себе. Очигледно не било така.

Не само што постои анимозитет, не само што постои непријателство овде, овде постои и прогон, она што јас постојано и го тврдев.

Кој тоа ,вам, дами и господо ви дал право така да се однесувате? Сте слушнале ли за презункција? Сте слушнале ли за Јавно обвинителство? Сте слушнале ли за судови? Не. Вие судевте 60 години во Македонија и мислите дека и понатаму можетеда судите?

Со Ден на ВМРО ние ви понудивме дијалог, вие го одбивате дијалогот, вие не сакате да дискутирате. Вие и понатаму сакате да судите како што му судевте на Ченто, како што им судевте на други функционери, на Шатев, а да не зборувам за одредени функционери од 1998 до 2002 година. Вие сметате дека имате право кого сакате да распнете на крст. Немате такво право. Вие, особено не, кои со две години борба со пушки во горите во 1944 и 1945 година владеевте 60 години мислите дека на ист начин така како што владеевте тогаш, сега имате исто право тоа да го правите и да спроведувате тортура на другите луѓе. Немате такво право. Треба да ги отворите вашите умови за постоење на нешто друго, но првенствено за постоење на вистината. Првенствено за почитување на туѓата мисла и идеја. Првенствено да имате желба да создадете нешто во оваа држава. Со тоа што ќе си ги плукаме функционерите меѓусебно, со тоа што меѓусебно ќе се плукаме едни со други, со тоа што постојано ќе си наоѓаме мани, нема повторно да ја добиете власта, оти  народот ве казни. Не ви ја даде власта вам, му ја даде на некој друг и сега тој ќе владее во името на народот. Вие владеете во името на две години борба и таа беше добра и таа беше чесна, ама после тоа се изроди во нешто друго, повторувам, затоа што не умеете да го чуете она што другите ви го зборуваат. После тоа што се изроди беше страшно, а вие наместо да зборувате во името на таа чесна борба, вие го застапувате она чудовишно нешто што се изроди после таа чесна

борба. Па, конечно, откажете се од тоа, не ви доликува. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Верица Филипова, повелете имате една минута.

**Верица Филипова:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници од ВМРО Народна партија.

Токму тоа беше поентата на мојата дискусија по вашиот амандман. Да ја оставиме историјата на историчарите. Секое враќање и навраќање во историјата носи кавги, носи поделби меѓу македонците, што во овој момент ни е многу малку потребно. Да се осврнеме кон сегашноста и кон иднината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

Јас мислам дека навистина овој Парламент како времето одминува дебатата станува излишна затоа што едноставно е невозможно да се дискутира. Тука се присутни толку емоции, обвинувања, закани и други работи кои не личат на Собранието, што е невозножно човек да дебатира. Меѓутоа, ќе се обидам накратко да го соопштам моето мислење за овој амандман.

Во поткрепа на моето мислење би сакал да прочитам два дела од два устави на Македонија кои се од ослободувањето од фашизмот од 1945 па до денес. Собранието на Македонија пред некоја недела издаде една книга која се вика 60 години Устав на Република Македонија, во која интегрално ги објави сите устави на Република Македонија од АСНОМ до денес. Дозволете да прочитам две реченици од тие устави. Во Уставот од 1963 година, кој е Устав на Социјалистичка Република Македонија со соодветниот систем кој владеел, во основните начела, еден вид преамбула, ако не и повеќе, затоа што кажува дека основно начело на тој Устав пишува “Сојузот на комунистите со својата насочувачка идеја и политичка работа во услови на социјалистичка демократија и општествено самоуправување е основен двигател на политичката активноста заради заштита и натамошен развиток на придобивките на социјализмот...”. Значи, тогашните комунисти успеале од Уставот 1963 година својата партија да ја направат уставна категорија и да вметнат дека, ќе повторам, таа е основен двигател на политичката активност. Значи, нема друго.

Понатаму во Уставот од 1974 година повторно во основните начела од Уставот под римско 8, не еден, туку сега се вметнати два става во кои ја образлагал улогата на Сојузот на комунистите, од каде тој потекнува, што е неговата цел и каква е неговата политичка улога во општеството и тоа во Устав на една држава. Таму е повторена реченицата дека е насочувачка, идејна и политичка во услови на социјалистичка демократија и го повторува делот, иако е нов Устав “ е основен двигател и носител на политичката активноста”. Значи, во 1963 година се изјаснил Уставот дека Сојузот на комунистите е основен двигател, во 1974 година го продлабочил дека е и носител на политичката активност и со тоа ги закопал сите други можни идеи на развој на демократија односно на поинакви политички идеи во оваа држава со тоа уредување. Тоа се уставите кои се еве објавени во оваа книга од 1963 и 1974 година. Дури ни таа партија со таква улога што си ја препишала во Уставот, ја озаконила и ја уставоположила не помислила дека денот на нејзиното формирање треба да биде ден кој ќе се слави како државен празник. Во годините до 1945 до 1990 година, кои се одбележани со таквите политички уредувања, таа партија со уставна позиција, единствена и непроменлива, не се дрзнала да соопшти дека денот кога ние се формиравме, од сега ќе биде државен празник заради нашата улога во општеството. Не сфатливо е во денешниот Устав, во денешно уредување една партија да превзема чекори, каде што сака на ниво на национален пиедестал да го истакне денот што си го препишала како ден на нејзино основање и каков таков го слави.

Она што ме загрижува е што се одбегнуваат дебати. Ја слушав госпоѓата Топузовска и веројатно ќе следат амандманите дополнителни кои се за бришење на таа одредба од законот и дополнителни дебати, меѓутоа, мислам дека нема услови. Јас повторно сугерирам на Владата на Република Македонија, наместо со соопштенија да се доукопува во нешто што не е добро, да го повлече законот во втора фаза, да размисли за ваков вид на амандмани, да ги спореди со некое друго време кое сме го одбележале како социјалистичка диктатура и да размисли визави двете во кој правец сега се движи Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владимир Ѓорчев реплика од три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Поповски, отворете и прочитајте книги и разгледајте по архивите, оваа партија е формирана на 17 јуни 1990 година. Веројатно, да ја немаше заедно со редицата други прартии кои што беа никулци на македонската демократија, ќе имавме уште такви устави какви што предмалку ни читавте. Веројатно, уште подемократски, затоа што гледаме како прогресирале од 1963 до 1974 година и веројатно вие во ова Собрание од 120 пратеници, ќе имавте 120, нешто слично како што беше во 1994 - 1998 кога имавте 118 пратеници. Сфаќам дека жалите по тие времиња, вие бевте дел и вие бевте член во тие структури кои што ги спомнавте и вие ги пишувавте статутите во кои што прогласувавте континуитет со оние кои што си осуди Советот на Европа, така што не ни се неопходни вашите забелешки, кои што произлегуваат од една матрица, која што за среќа планетарно дури е надмината. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има Никола Поповски, една минута.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, за време на социјализмот не учествував во политичкиот живот, меѓутоа, бев доволно возрасен, колку вие што сте сега, за да можам да следам што се случува во општеството. Знаете што заклучив, дека токму таквите како вас и токму таквите јастребски дискусии како вас ги вментуваа овие членови од Уставот во уставите, наспроти другите кои мирно посматраа што се случува од луѓе кои имаат преамбициозни идеи и се насочени идеолошки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** После неколку дневно дискутирање по однос на паразниците кои да ги празнуваме, кои да не ги празнуваме и зошто, јас мислам многумина од гледачите на телевизиските преноси ќе констатирме дека, ќе се определам само на нас Македонците, личниот интерес ни преовладува, над државниот, над националниот. Готови сме сопствената историја да ја фрлиме на буниште, бидејќи сами ја газиме. Тогаш, да не се прашуваме зошто молчиме кога другите ни ја газат. Јас како Македонка се срамам што сум во овој Парламент и што ние Македонците најповеќе сами себе се оповргнуваме дали е тоа ден на револуцијата на Македонија или не. Има еден виц кој што претходи на прашањето зошто во пеколот имало најповеќе Македонци. Затоа што, кога некој ќе сакал да се извлече од казанот, таман ќе сакал со рацете да се фати за ивицата, другиот Македонец го тргал долу за нозете и вели: кога сум јас долу, биди и ти”. Е, па, тоа е една чиста вистина која што ние денеска после повеќедневна дискусија ја покажавме. И, да не се чудите ако сами ја правиме сопствената историја проблематична од лични интереси. Зошто тогаш нас ние е проблематична од другите и зошто сме оспорувани во било кој поглед од другите. Зошто ние не сме идејно онака јаки и единствени, како што имаме пример во ова Собрание да видиме од Албанците кога е во прашање национална кауза, дали тие така меѓусебе се пликаат како што ние ова го правиме. Знаете, сите дискусии немаше да постојат во овие денови, ако ние не бевме завидливи, недостојни сами на себе, непромислени, нереализирани. Сите овие дискусии немаше да ги има ако партијата која што е на власт не го носеше предзнакот ВМРО. Затоа, ние го обезвреднуваме денот, сакајќе да ја обезвредниме неа. Но, јас само едно ќе кажам, ние досега се покажавме недостојни за национални и државни празници. Имавме еден 11 октомври празник и што стана од него. Годинава имавме, гледавме и слушавме панахида веќе славиме од празник. Па, дозволете јас не сум член на ВМРО-ДПМНЕ, но сите ние и јас ќеречам сме потомци на таа идеја и ќе речам дај боже една партија како што е ВМРО да биде потковител на овој празник барем ќе слави онака достојно како што заслужува, а не како што ние правиме празник, па потоа ги обезвреднуваме празниците, обезвреднуваајќи се сами себе, само поради тоа што сме недостојни сами на себе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Агрон Буџаку има реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Агрон Буџаку:** Не мислев да се вклучам во дискусиите, затоа што за да дискутираш треба да браниш некоја теза или пак треба да се изјасниш или пак јас лично или како парламентарна група да подржиме еден амандман или не. Мене тоа не ми е јасно, затоа за што се говори, само сакав на почитуваната госпоѓа, претходна говорничка да и кажам дека тука не се говори за Парламент на Македонците или пак на Албанците, туку се работи за Парламент на Република Македонија затоа што таа во својата дискусија рече јас им се обраќам на Македонците, во етничка смисла на зборот. Второ, доколку почитуваната госпоѓа е во мнозинската партија и не знам каква идеологија има партијата на која што таа и припаѓа и каква идеологија има почитуваната госпоѓа, јас не знам, меѓутоа ете господинот Ѓорчев кој што е од орлите на партијата, тој кој има истото мислење дека почитуваната госпоѓа рече, вистина е дека во пеколот се случува тоа. Значи, не само ова мнозинство претендира дека ја знае вистината за Македонија денес, туку претендира дека ја знае вистината и за тој свет. Што покажува сега дека тука ние не ја знаеме вистината, на пример историјата, и не знам сега дали ВМРО е основана во 1893 година или не. Доколку е основана во 1893 година тогаш почитувани господа од мнозинството треба да дадете Предлог да го ставите во Законот како ден на основање, доколку не е ВМРО туку само револуционерната борба тогаш ние како Република Македонија како државен празник, ќе се повлечеме од сите војни и се што се направило во Македонија порано. Доколку ВМРО е основана и се прифати амандманот на партијата ВМРО Народна партија, тогаш кое ВМРО ќе се повика на овој ден, затоа што има ВМРО и во некои соседни држави.

Прво, што ќе правиме со Законот.

Второ, во чие име се повикуваме.

Трето, која е целта и намерата.

Мислам дека намерата тука е малку назадна, само за да се скрене вниманието на населението од актуелните проблеми.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, службите да достават точен број на присутност на пратениците во салата.

Во салата има 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, гласале за 11, воздржано 3, против гласале 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 1 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, поднесен од пратениците Рафис Алити, Фазли Велиу, Аднан Јашари, Џеват Адеми, Тахир Хани, Зумрете Јакупи, Селвие Салију, Агрон Буџаку и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мешков.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Кога се говори за нашите амандмани министерот нема што да каже како образложение, тоа го научиле да каже и затоа не може да даде никакво објаснување зошто нашиот амандман не се прифаќа. Но, како и да е тоа е проблем на ова Парламентарно мнозинство, на оваа Влада и однесувањето на оваа Влада на овој начин да се однесува и да не го прифаќа нашите амандмани е во однос на тоа што е многу чувствително за дел на граѓаните на Република Македонија и доколку почитуваниот господин што го застапува Министрството ги застапува и тие граѓани. Јасно се гледа Албанците од оваа Влада не се сметаат како граѓани на оваа земја. Тоа е проблем на оваа Влада и на министерот  и нема да се занимава со тоа прашање.

Ние го предложивме овој амандман кој е во однос на една тесна врска и спрега илли со една емоционална врска на албанската заедница во Република Македонија или на албанскиот народ во Република Македонија затоа што е во однос со еден значаен датум, со 28 ноември од 1443 година кога Скендербег ги соедини кензовите или албанските кнезови од тогашните етнички подрачја да им се спротивстави на тогашната отоманска империја која ги имаше окупирано етничките албански подрачја. Го велам ова од причина што за прв пат се успеа сите албански кнежевства да се обединат околу нашето национално денешно знаме и под ова знаме да ги одвиваат подоцнежните битки кои се одвиваа било во однос на таа империја од тоа време, или било во однос на другите окупатори кои ги распарчувале или ги окупирале албанските етнички подрачја.

Јас уште на почетокот ќе кажам дека многу поранешни битни на разни албански кнезови се одвиваа под ова знаме, велам битки но за прв пат се сллучи сите да се соединат во Лежката лига и да се спротивстават на отоманската империја во тоа време. Во  многу подоцнежни битки и со децении и многу војни Албанците ги водеа под ова знаме без оглед на името на окупаторот, без разлика на окупаторот. Верувам дека и преставникот на Владата му е сосема јасно дека се работи за еден амандман со еден значаен датум не само за нас како Албанци, туку за сите балкански народи и за европската цивилизација. Дали претставникот на Владата ги има во предвид овие работи тоа е работа на Владата, но сигурно дека не ја познаваат оваа историја или не сакаат да ја запознат, или не ги познаваат европските цивилизации, не ги познаваат пошироките балкански интереси и токму поради ова немаше никакво образложение од страна на министерот или претставникот на Владата.

Славните години од 15-от век, кога Албанците под раководство на Џорџ Кастриоти Скендербег, водеа епски војни против странските окупатори го застапуваат нахеројскиот дел, милениумскиот дел од историјата на Албанците. Тие години се истакнуваат не само за големината на воените победи кои беа во нерамноправните битки, не само за резултатите кои гие ги имаа на политичкото поле но и за придонесот кој го дадоа во заштита на Европската заедница од Отоманската империја и за одзивот сеуште незгласнат го ставија во албанската арена и меѓународната арена.

Востанието на Албанците раководството на Скендербег во ноември 1443 година на земјата и ја врати загубената слобода неколку години поодамна. Поинаку од востанието или од поранешните востанија на Албанците кои на земјата и донесоа една привремена слобода, бидејќи тие беа угнетени многу брзо од Османлиите, востанието од 1443 година кое  се круниса уште од почетокот со победата во Круја, имаше долг живот, слободата ја уживаше земјата не само се додека знамето беше во рацете на Скендербег, туку под влијание на неговите војници и неколку години по смртта на нашиот херој, слободата која ја уживаше земјата беше речиси четири децении и е клучното дело на тоа време на Балканските подрачја.

Во текот на ослободителната војна се постигна и еден друг резултат исто така од историско значење со создавањето на националната албанска држава. Се разбира архитект на тоа беше Џорџ Кастриоти Скендербег.

Јас уште од почеток реков дека и подоцна под ова знаме Албанците се бореа независно од името на окупаторот кој ги распарча етничките албански земји во тоа време, или подоцна. Значи, под ова знаме албанците се бореа во Првата светска војна, се бореа во Втората светска војна, се бореа во текот на Балканските војни. Исто така како што е познато протестите подоцна и демонстрациите во 1968 година, 1981 година, па и 1990 година Албанците ги одвиваа под ова знаме. Значи и војните кои се одвиваа на Балканот, се разбира кога Албанците бараа тие неправди кои со векови им се правеле или се бореа да се подобрат неправдите врз нив повторно се бореа под ова знаме, независно во кои подрачја од бившите југословенски републики. Сигурно дека на сите ви е јасно, и на јавоста и последниот случај, воспоставувањето на споменикот на нашиот национален херој Џорџ

Кастриоти Скендебег во Скопје, самото присуство на толкав број граѓани кои беа присутни тој ден говори доста колку албанците се поврзани токму со овој датум и со ова знаме. Затоа, ние одлучивме да поднесеме еден амандман со кој амандман ќе понудиме на парламентарното мнозинство навистина една направда која се врши со децении или со векови, речиси еден век на албанците, овде во Република Македонија да се исправат овие неправди. Јасно се гледа дека една таква волја не постои. Сигурно дека многумина ќе мислат зошто јас го спомнав освен другото и времето на монизмот, времето на развојот на демонстрациите посебно 1968 и 1981 година. Не случајно ги спомнав овие години од причина што албанците во поранешните југословенски републики се осудуваа и казнуваа не само доколку во нивните раце или го криеа нивното национално знаме, туку се осудуваа и доколку направат некој муабет, или говореа на некое место за изгледот на нивното национално знаме. Многу албанци кои ден денес се дискриминирани токму поради тоа што сакаа нивното знаме да се вее и овде во Република Македонија се осудија на десетици години затвор. Го кажувам ова затоа што и ден денес оваа направда врз овие граѓани што им се правеше во минатото ниту една Влада не виде попатно најмалку да им се извини или да направи еден надоместок во однос на таа неправда. Велам, за тие кои се живи, затоа што голем дел од тие што беа по затвори поради ова знаме и овде во Република Македонија еден голем дел не се меѓу живите, а најмалку на нивните семејства би било добро и попатно на нивните семејства да се побара јавно извинување од некоја државна институција или авторитет од официјалната политика на оваа земја. Јасно се гледа, повторно ќе кажам, дека една ваква спремност или политичка зрелост од овој тип сеуште немаме. Факт е и тоа дека овде се врши еднострана политика, или подобро кажано една политика која мисли само за самиот себе си, но не и за неговите соседи да се чувствуваат еднакви во оваа земја.

Исто така, ги спомнав Балканските војни, ја спомнав Првата светска војна, ја спомнав и Втората светска војна, независно на Албанците или на тогашните припадници дали беа дел од партизанските формации или дел од Балит Комбтар, тие се бореа под ова знаме. Значи, независно од нивниот раскол ова знаме на Скендербег или од 1443 година, од Лежката лига секогаш ги обединуваше Албанците, независно дали припаѓаа на десната или на левата страна. За жал Куноска рече еден голем збор “треба да земеме пример од Албанците”, но јас би рекол немојте да земете пример од Албанците затоа што и ние знаеме да имаме раскол меѓу нас и кога се говори за нашето национално знаме и кога се говори и за датуми кои се свети за нас, за сите Албанци поради политичка кариера или политичките придобивки итн., итн. Често пати во минатото сме имале случаи кога албанецот го осудува албанецот токму поради тоа што му го нашле националното знаме во неговиот дом итн. Ова нешто се случува и во денешно време, повторно за кариеристички интереси, за лични интереси, но не за некои поишироки интереси се прави истото.

Го велам ова од причина што минатото е горко, но на минатото некогаш треба да се потсетиме. Мислам дека оваа Влада прави голема грешка во оваа насока затоа што треба да го прочита Законот за локална самоуправа каде што јасно е наведено дека етничките заедници независно за која етничка заедница, независно од бројот на етничката заедница на еден начин им се гарантира дека ќе имаат свои национални денови во Република Македонија. Велам дека правите грешка затоа што закон за празници навистина кога се предлага треба да се размисли добро на граѓаните тие празници да им се драги, граѓаните да ги празнуваат тие празници. Ние можеме да предложиме денови за кои мислиме и цениме дека се добри за нас, но еве за граѓаните некогаш не се прифатливи и тие истите не ги празнуваат. Ние како политичари треба да си поставиме прашања зошто ние се служува ова. Сигурно дека многумина од нас во оваа сала јасни ни се овие работи бидејќи ние со минатиот амандман на широко говоревме и дадовме широки образложенија зошто го предложивме 13 август за државен празник но еве што ова парламентарно мнозинство има сосема поинаков пристап и тоа што го кажав во првата дискусија пораката за нас Албанците најмалку е јасна дека соживот со сила не може, не може да принудиш некого да живее заедно или да се потрудиш да имаш. Или пак народната изрека “за љубов треба двајца”, а во овој случај за да имаме закон за празници и за љубов, или за празнување треба повеќе субјекти. Значи би требало да ги предложиме тие датуми кои ќе бидат прифатливи за сите припадници независно на која заедница припаѓаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија Весна Јаневска, Јагнула Куновска, Агим Рамадани, и министерот.

Ќе започнеме со министерот.

Повелете господине министре.

**Љупчо Мешков:** Господинот Алити рече дека со неприфаќањето на овој амандман и другите дека Владата на Република Македонија не ги третира Албанците во Република Македонија што сакам апсолутно да го негирам дека тоа не е точно.

Владата води сметка и за Албанците и за сите други кои што живеат во Република Македонија и води сметка за меѓуетничкиот живот и соживот во Република Македонија и тоа е иднината на Република Македонија.

Тоа што овој амандман не е прифатен апсолутно не значи тоа, туку Законот што го предлага оваа Влада е токму чекор напред во однос на меѓуетничкиот соживот и толеранција и заедничко живеење во Република Македонија. Со оглед дека овој закон прави чекор напред во

поглед на албанската заедница во однос на постојниот закон, а истото тоа се однесува и на празниците што Владата ги предлага со амандманите и за другите етнички заедници кои што живеат во Република Македонија.

Предлогот на овој амандман празникот за албанското знаме да се стави во член 1 став 1 не значи ништо друго туку Владата прифаќајќи го овој амандман практично да формулира две државни знамиња во Република Македонија, затоа што член 1 став 1 зборува за државни празници и подигањето на албанското знаме на ниво на државен празник, иако јас ја почитувам наклонетоста на Албанците кон државното знаме и тоа е нивно легитимно право, меѓутоа, прифаќањето на овој амандман евентуално од Владата би значело практично во Република Македонија во услови кога немаме празник на македонското државно знаме кое треба да не обединува сите во Република Македонија, прифаќањето на овој амандман би значело прàралелно две државни знамиња во Република Македонија.

Инаку, колку што мене ми е познато ако грешам нека ме исправи господинот Алити значи 28 ноември е исто така државен празник во Република Албанија каде што се празнува токму овој празник на истиот тој ден. Значи, апсолутно велам дека овој закон и се што Владата прави е во интерес и на почитување на албанскиот народ и на другите етнички заедници во Република Македонија односно за етничкиот соживот и толеранција во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута за контрареплика за господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Три минути бидејќи имаше говор.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика побара министерот.

**Рафис Алити:** Добро тогаш и една минута е доволна.

И понатаму стојам зад тие зборови што ги искажав бидејќи листата која ни е понудена за празниците јасно укажува дека на албанците им е даден еден празничен ден од културен аспект.

Би било добро претставникот на Владата да ни каже со кој празник Албаците се идентификуваат во оваа држава. Со ниту еден празник ние не се идентификуваме и ова е реално. А каков третман оваа Влада има врз Албанците во однос на знамето, јас ќе го потсетам министерот дека со Законот за локална самоуправа во сите општини каде Албанците се во мнозинство, пред судовите, пред полициските станици и пред воените касарни се вее националното албанско знаме кое датира од Лежската лига. Така што ова е реалност.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе, значи нашиот став во однос на унитарноста на државата употребата на симболите на државата се сосема јасни. Но, кога станува збор за употребата на албабнското знаме навистина чувствувам потреба да прокоментирам нешто како личен, сопствен став. Тоа е дека двоглавиот орел значи единство на световната и духовната власт и дека е симбол на раното христијанство, дел во Русија, значи таму каде што се пропагира ортодоксното христијанство, а потоа потемнел и станал црн во некои други држави. Двоглавиот орегл всушност е симбол на Византија и ширењето на христијанството во тој период, па во зависност од тоа во која држава се наоѓал, над него се наоѓа круната на владетелот, или во канџите на двоглавиот орел се наоѓаат симболите на владетелот и тоа произлегува од хералдиката која смета дека овде никој нема што да спори, бидејќи за историјата на оваа тема нема што да спориме. Доколку овој амандман малку со помош на Владата се доуреди, сметам дека би можел да претставува амандман со кој сите граѓани на Република Македонија би се обединиле со нешто, а тоа е со тој симбол против кој јас ништо немам и кој и во Албанија бил прифатен во времето кога се ширело христијанството, односно кога предоминирал католицизмот. Убаво е што хералдички се знакови, како што тоа е вообичаено во историјата продолжуваат да постојат како симбол на една нација без оглед на тоа какво е нивното потекло и колку е старо нивното потекло. Поради овие причини кои јас ги кажав, сметам дека овде има простор, а и поради лошата ситуација која во државата се создава и најавите за напуштање на Парламентот на одредени политички партии, сметам дека и Владата би требала да го преиспита својот став во договор со предлагачите на амандманот да побараат заедничко решение при што унитарноста на државата и симболите на државата нема да бидат повредени, а сепак да најдеме нешто заедничко за повеќето граѓани во оваа земја за добробит на постоењето на соживотот и разбирањето. Сметам дека би биле задоволни сите доколку конечно наместо да се двоиме, да почнеме да бараме заеднички нешта. Притоа само би спомнала дека во Тресонче е пронајден старо христијански штит македонски од тој период на територијата на Република Македонија во кој се наоѓа како старо христијански знак и двоглавиот орел и лавот.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Навистина се согласувам со госпоѓата Весна Јаневска дека работите се такви. Но, јас ќе ја потсетам госпоѓата пратеник дека Албанците се овде од времето на Илирите, Пелазгите и Албанците беа тие кои го проширија христијанството на Балканот и Европа. Сигурно и е познато дека од словенските народи кои дојдоа токму од Албанците го примија христијанството.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Дел од она што сакав да го кажам, го кажа господинот министер. Но, јас ќе повторам, бидејќи пред него се јавив за реплика и ќе потврдам што рече господинот Алити, навистина за љубов се потребни двајца. Не би сакала во случајов погрешно да бидам разбрана. Прво што ќе кажам е дека ја почитувам историјата на Албанците, на албанскиот народ, на албанската држава. Но, имам едно свое лично мислење кое што сепак сметам дека е логично. Фактички, ако некој мисли дека не е така, нека ме оповргне, дека тоа што е важно событие од националната историја, што е државно за албанската држава, што значи конститутивност и како белег што се слави во Албанија, недопуштено е и во Република Македонија тоа истото славје ние да го празнуваме. Тоа се однесува и она што е државен празник, што е конститутивност на македонската државност, за мене несфатливо е некоја друга држава тој празник, било кој празник, еден од празниците да го слави како свој државен празник. Што значи, сакам да потврдам дека празниците, државните празници на Република Македонија, тоа го кажав во мојот говор пред неколку дена, сега ќе го повторам, треба да произлегуваат од поднебјето на македонската држава и да се однесуваат на државноста на Република Македонија. Да се најдеме себе сите обединети околу државноста на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Доколку пратеничката не ја има прочитано преамбулата од Уставот, добро е да ја прочита. Тука јасно е нагласено, иако таа преамбула се измени од оригиналот од Охридскиот договор, но многу добро кажува дека одделен дел на албанскиот народ. Мислам дека оваа реченица говори доста сама за себе за албанското население кое живее во Република Македонија. Би и кажал на колешката да го прочита Законот за употребата на симболите и ќе и биде многу појасно дека овој ден исто така треба да биде како државен празник кој ќе се празнува во Република Македонија. Затоа што ние треба да изградиме еден соживот.

**Љубиша Георгиевски:** Три минута реплика господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам. Сакав да реплицирам со господинот Рафис Алити не од аспект на тоа кој колкав голем Албанец е, туку од аспект на Законот за знамето. Можеби има заборавено господинот, дека Законот за знамето во Република Македонија и начинот на употребата на истиот го донесе Владата каде што партиципираше и партијата на господинот Рафис Алити. Овој закон во тоа време кога се предложи и усвои истиот закон кој што и актуелно се аплицира меѓу другото требало да се определи и празникот на знамето, барем како неработен ден и заедно со начинот на употреба на знамето да влезе во празници и закони на Република Македонија. Меѓутоа, напротив имаме многу апсурдна ситуација во самиот закон што денес го имаме во сила, според кој што закон Албанците се градирани во три категории од аспект на тоа на кој начин можат да го употребат знамето на Албанците, а тоа е: Албанците под 20%, Албанците над 20% и Албанците над 50%. Што би значело дека се градирани во три категории на албанци, тие кои што се мнозинство, кои што имаат апсолутно право да го употребуваат албанското знаме, тие што се над 20% кои што повторно имаат право да го употребата албанското знаме и под 20% кои што немаат право да го употребат албанското знаме. Многу болна ситуација е кога се прават територијални компарации, на пример Општина Тетово и општините во регионот на Карадак. На пример Куманово има под 20% Албанци, што значи во Куманото албанското знаме не може да се употреби според Законот што го усвои и донесе партијата на господинот Рафис Алити со коалициониот партнер и на пример во регионот на Тетово каде општина Желино која што е сосед со општина Јегуновце, во прв ред со албанското село Шемшово го става во употреба албанското знаме со две големи разлики. Значи, се употребува знамето во Желино, а на другата страна неможе да се употреби според законот.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Како предлагач имам право да земам збор и тоа во секој момент, затоа што пратеникот гледам дека не ги прочитал законите и дискутра на овој начин. Треба да дадам малку повеќе објаснување во оваа насока. Законот за употреба на симболите кој почитувани господа, таа влада и таа коалиција и тоа ДУИ им гарантира да се вее и во државните институции. Гарантира нашето национално знаме да се вее и таму каде што Албанците се под 50% од вкупниот број на населението и ова треба да го види, да го прочита. Што значи, не во државните институции туку знамето се употребува и во Куманово и во Битола и во Кавадарци доколку има еден Албанец. Но, разликата треба да се направи во тоа што е официјална употреба и употреба пред институции, а што е приватна употреба. И никогаш не претендира, да кажеме, ние сме направиле многу добра работа, дека тој закон е совршен. Секогаш има можност, секој закон има можност да се корегира доколку има пропусти во истиот. Овде се говори за Закон за празници, а не за Законот за знамето и симболите, или употребата на симболите.Така што овој пристап на оваа Влада околу значајни датуми, или национални празници на Албанците е дискриминаторски пристап. Ниту еден државен празник, ќе нагласам уште еднаш не ги поврзува Албанците во оваа земја. И ова е тоа што парламентарното мнозинство треба да размисли во оваа насока. Додека господинот ја има можноста да го поправи тоа. Дали има сила и моќ да го направи тоа, дали има легитимитет во оваа Влада процесот да го воведе напред, јас нема да се занимавам со тоа, треба тој сам да се занимава со тоа. Почитуван господине, се говори

за денот на нашето национално знаме. А вие направете го овој празник да биде, еве, со вашата коалиција да биде овој ден да биде како во овој закон за празници било како национален празник на Албанците, било како државен празник. Сигурно дека Албанците и така независно дали ќе стане, Албанците ќе го слават овој ден, велам со сето жртвување кое го направија во минатото, со сета пролеана крв и со сите години затвор и овде во Република Македонија, било во Идризово, во Шуто Оризари и други затвори.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани сите присутни кои што сте тука и почитувани гледачи, вие што не следите и не слушате. Преку нашиот предложен амандман, амандманот на Демократската унија за интеграција и Партијата за деморкатски просперитет со кој што бараме членот 1, став 1 по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 кја гласи: “28 ноември ден на албанското знаме”. Со овој амандман имаме за цел колку, толку да го подобриме ставот на Владата, ставот кон албанската заедница со цел да се додаде овој став за да се подобри овој Предлог-закон. Иако сме сите свесни дека Владата ќе остане инертна кон сите предлози и кон сите забелешки кои што ги даваме ние, сепак се надевам дека почитуваните колеги ќе го имаат предвид овој наш предлог и дека кај нив ќе надвладее рационалната свест и одговорност за да почитуваните колеги го земат предвид значењето на предлагањето на овој амандман на начин преку тоа да стане и правичното застапување на празниците на нашата нација, на албанската нација во Предлог-законот за празници. Овој амандман кој што го предлагаме значи за 28 ноември како државен празник на Република Македонија, 28 ноември е празник кога Албанците се спротивставија на Отоманската империја и на Отоманската окупација и хероите од легендарната војна на чело Ѓерѓ Кастриоти Скендер Бег под ова знаме на народот, знаме кое што го симболизира албнскиот народ и водеше битки и крвави војни, меѓутоа и победнички војни за одбрана на народот и на европската цивилизација. Ова е историски датум на веењето на албанското знаме во Круја во 15-от век продолжува да се слави и празнува и да се потсетуваме на сите тие историски битки. Со таа стоечка одбрана, или опстојување на војниците на Скендер Бег кои што беа во симболичен број во споредба со големата и до заби вооружена војска на Отоманската власт. Легендарниот херој Ѓерѓ Кастриоти Скендер Бег со една извонредна стратегија имаше смелост да се спротивстави на едно вековно чудовиште, меѓутоа тој повеќе се истакнува и според својата интелегенција и далечната визија за да ги соедини албанските феудалци од тоа време, имаше визија и за ослободување на албанскиот народ, значи на својот народ, меѓутоа и за соработка со соседните земји и со другите вропски држави. Со неговото пријателствување токму со овие земји значи со сите балкански земји и европски земји кои што ја имаа токму истата грижа, значи Отоманската власт, или Отоманската империја. Овој амандман има свое историско значење за албанскиот народ, за достоинството и за гордоста на албанскиот народ и што не потсетува на времето на херојското опстојување против Отоманската империја која што го имаше опфатено целиот Балкан и пошироко.

Во текот на ова време на целосен мрак, како на Балканот така и пошироко, ваквиот народ во времето на Скендербег, како и ослободувањето на многу подрачја и основањето на албанската држава со издигнување на знамето на 28 ноември 1443 година, тоа беше ден на надеж и волја која го осветли не само албанскиот народ, туку и пошироко ги осветли и другите народи во околината затоа што овој стил на опстојување беше пречка за натамошно проширување на Отоманската империја, во тоа време. Понатамошно проширување кон европските земји беше спречено токму од ова херојско опстојување. За тоа се благодарни многу држави, исто така и интелектуалци, академици ширум светот за тоа пишувале многу. Исто така и празнувањето односно манифестирањето на овој ден има свои периоди кои понекогаш биле добри, позитивни, понекогаш имало и заостанување. Имало периоди кога овој празник, посебно во поранешна Југославија се манифестираше од нашиот народ, меѓутоа интерно и тајно. Иако тоа имаше свое општо значење, често пати наидуваше на недоразбирање од страна на другите. Затоа ние како парламентарна група ДУИ-ПДП, како предлог сме поднеле неколку амандмани за дополнување и изменување на овој Предлог закон за празниците, со намера колку - толку, парламентарното мнозинство да го измени Предлог законот кој нема сериозен пристап во текот на изготвувањето на историските датуми. Затоа уште еднаш апелирам да надвладее совеста, да надвладее разбирањето и да имаме понатамошна соработка и заедничко градење на оваа држава. Да се земат предвид овој наш амандмани и другите амандмани, затоа што поинаку целиот наш ангажман наидува на глуво уво, како во Владата, а се надевам да не биде така и кај парламентарното мнозинство. Инаку, се гледа каде не ориентира сето ова недоразбирање, или сета нетолерантност и меѓупартиско недоразбирање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Селвие Салију.

**Селвие Салију:** Благодарам.

ПОчитувани колеги, често пати, но и денес, од страна на претставникот на Владата, но и од некој пратеници се слушна дека 28 ноември како празник не треба да се празнува, бидејќи е празник на една друга држава. Но, треба да се

расчисти дека во овој амандман е предложено 28 ноември како празник на симболот со кој се идентификува албанската нација, не како 28 ноември 1912 година, туку 28 ноември 1443.

Колешката Весна Јаневска во кратки црти се обиде да го објасни развојот на овој симбол и целосно се согласувам кога рече дека овде нема потреба од спорење на овој симбол и нејзиниот збор ме наведе да дадам едно кратко објаснување околу нашиот симбол и обликот на двоглавиот орел. Се надевам дека оваа дилема еднаш засекогаш ќе се отстрани од главата на сите тие кои мислат на тој начин.

Орелот како крал на птиците, заедно со лавот, претставува еден од најстарите и најпроширените хералтички животи. Ќе нагласам дека во многу древни цивилизации орелот претставуваше симбол на власта, на духовната возвишеност и смелоста. Во многуте религии орелот е како атрибут или сопатник на империјата, или самиот тој е божество. Токму поради тоа орелот уште од древните времиња се јавува како симбол на империјата и е застапен до денешен ден во хералдиката на многу земји. Археолошките откритија кажуваат дека орелот има древно потекло, потекнува од древниот исток. Првиате искажувања на мотивот на орелот се искажани во уметничките споменици во Месопотамија и тоа како симбол, дуалистички и во религиозна смисла.

Еден од симболите на Сумерите е орелот со глава на лав. Во Египет беше змијата, додека во древна Персија орелот. Поточно мотивот на орелот го среќаваме во спомениците на камените релјефи од Хетитите. Мотивот на орелот се среќава и на територијата на древна Пападокија, во близина на селото Вјуг во Тургменистан, на границата со Асирија. Археолошките откритија најдени на овој локалитет датираат од владението на кралот Кијаксар од 635 до 596 пред нашата ера. Имајќи го предвид фактот дека во овој временски период симболот на власта на кралството Персија беше орелот со една глава, се претпоставува дека двоглавиот орел можеме да го поврземе со старото кралство Асирија, што се случи пред Христовото раѓање. На овој начин е формиран и мотивот на двоглав орел како симбол на нивно обединување. Од симболички и фигуративен аспект двете глави ги симболизираат двете кралства обединети во едно тело.

Јавувањето на двоглавиот орел се искажува и во полиетистичката религија и во древна Грција уште од 8-от век пред нашата ера, инаку симбол на Зевс, кралот на небото, кој во десната рака го држи орелот. Подоцна во 2-от век се јавува односно станува симбол на Римската империја и на римските религии.

Двоглавиот орел во Европа е најден на мермерната плоча во Битола, основана од Полерија во периодот од 451-453 година, како дел на орнаментите од текстилот. Мотивот на двоглав орел за прв пат се среќава во една фигура од 7-от век каде се појавува една човечка фигура чија облека е еден орнамент со овој мотив.

Искажувањето на двоглавиот орел во Византија е поврзано со владението на Константин, како и во времето на Јустинијан каде се обединуваат двете цркви, Источната и Западната црква. Бидејќи седиштетот на одвоените цркви беше едноглавиот орел како симбол, нивната унификација доведе до формирање на мотивот на орел со две глави, како знак на обединување на двете цркви. Причината на земањето на мотивот на двоглав орел како симбол на обединета црква, можеме да го најдеме во христијанството каде орелот се јавува како симбол на теологијата, на еден познат теолог од тоа време, Свети Јован.

Искажувајќи ги духовните цели, секако во присуство на орелот како симбол, посебни влијание имаше многувековното наследство на Римската империја која за симбол имаше црн орел со отворени крилја. Поинаку, од Византијата на територијата на Европа, до Крстоносните војни во употреба беше црн орел со една глава, на римјаните и на германците. Овој орел, со мали измени стана симбол на грбот и на древната круна, малку подоцна и грб на империјата од тоа време.

Да нагласам дека грбовите како симболи, како што се спомна и од госпоѓа Јаневска, се искажуваа некаде кон 10-от век, или поточно во договорот склучен меѓу кралството од тоа време.

Во 10-от век, мотивот на двоглав орел, во Византија се искажува во облик со полуотворени спуштени крилја. Едниот орел гледа кон исток, другиот кон запад. Овој вид на орел, во Византија, во хералдиката е дефиниран како двоглав орел во лет. Како дел на византискиот орламент и како дел на многуте разубавувања, двоглавиот орел почна да се употребува некаде кон 10-от век. И покрај тоа, како хералдички мотив, како знак на авторитетот и власта, овој мотив почна да се употребува кри крајот на распаѓањето на Византиската империја. Византискиот мотив се истакнува од големите кралски авторитети и деспотите, сократите и кнезовите. Тие покрај круна имаат и богата облека и украси со двоглав орел, одбележувајќи го со еден круг.

И во времето на династијана на Комнен 1801-1204 овие авторитети својата облека ја разубавуваа со двоглав орел, што познато и кај словенските народи од југ, значи со таков вез и со круг, додека името го добиле од зборот кољо, што значи круг и стариот грчки збор хаздеи што значи свечена облека. Значи големо значење му посветувале на овој симбол, што е употребуван во секојдневната облека на народите на тоа време. Инаку зборот кољо или круг, го среќаваме и во народното творештво на неколку јужно словенски народи и е еден од најдоминантните елементи, во форма на ромб.

До падот на источната римска империја, некаде до 13-от век, мотивот на двоглавиот орел како кралски знак се проширува во цела Западна Европа, опфаќајќи ги и словенските земји. Тој како знак беше црн двоглав орел, со црни очи и со златни канџи. Уште од 15-от век, во системот на империјата се искажува двоглавиот орел. За разлика од Византија каде двоглавиот орел претставува обединување на албанците во Западна Европа, двоглавиот орел станува симбол на поголемата власт на империјата.

Господине претседавач да го сочекаме претставникот од Владата, бидејќи тоа е и во негов интерес да не слуша, поради реакцијата што ја имаше за датата на овој симбол.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе го почекаме.

Но, со оглед на хералдиката која ја кажувате, нема многу што да пропушти, ако не е специјално заинтересиран за хералдиката, како што сум јас на пример.

**Селвие Салију:** Мене ми се чини дека е и од негов интерес, бидејќи тука реакциите беа дека се бара да се празнува.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Без оглед, мислам дека е ваша обврска како претседавач, кога министерот има потреба да излезе надвор, да дадете пауза од пет или десет минути, бидејќи тоа е едно потценување на пратениците,ние да чекаме тука додека се врати министерот, без оглед каква потреба да има.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓа Куновска, пред паузата кажете вие имате.

**Јагнула Куновска:** Господине претседателе, јас мислам дека вие треба да реагирате на таквите дискусии, бидејќи ние денес не сме тука да слушаме историски час за белоглавиот орел. Јас со внимание го слушав. Нешто знаев, нешто не знаев. Но, мислам дека не е сега прилика јас тука да ја комплетирам мојата осознаеност за белоглавиот орел и за историјата. Вие треба да реагирате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам пет минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,43 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со претресот.

Продолжете госпоѓо Селвије Салију. Министерот е тука.

**Селвије Салију:** Сите кои треба да ме сослушат и имаат сознанија околу орелот мислам дека ќе бидат тука и ќе ме слушаат.

**Љубиша Георгиевски:** Стигнаме до 1204 година.

**Селвије Салију:** Да, до тука сме. Благодарам.

Бидејќи рековте 1204 година и би го спомнала периодот 1459 година, 1519 година кога се употребувал двоглавиот орел во Руското царство. Во тој период се користеше во Руската империја. Како декоративен елемент, двоглавиот орел со орнаментите го среќаваме во 11-тиот век и тоа на византиски текстил и шпански текстил, додека во 12-тиот век и на текстил кој се произведуваше во сушените манифактури во Сицилија и древен Иран. За разлика од византискиот мотив и шпанскиот мотив со две глави кои произлегуваат од исто грло. Еден ваков вид на двоглав орел го среќаваме во ориенталниот споменик, за разлика од нив, овој двоглав орел има прстен во фреските од 13-тиот и 15-тиот век каде го среќаваме како двоглав византиски орел. Овој мотив го наоѓаме и во црковните мотиви со пространи крилја ставени во рамка со два концентрични круга.

Еден ваков мотив на двоглав орел го среќаваме и во црковните орнаменти од 14-тиот век во црквата Света Марија во Левиш и Призрен и тоа на камбаната во манастирот Жича и можеби сите сега ќе бидат љубопитни да знаат дека на територијата на Македонија дека овој мотив како дел од црковниот орнамент го среќаваме во кругот на манастирот во Лесново кој произлегува од 14-тиот век. За разлика од спомнатите примери, овој мотив има еден посебен стилизам. Е ставен во една сложена композиција во која се насликани мотиви на птици, каде е ставен и мотивот на двоглавиот орел. Птиците во композицијата се од разни видови и се прикажани на еден динамичен начин. Меѓу насликаните мотиви на птици, зборувам за симболите кои се употребени во Македонија, двоглав орел, гулаби, кои се сликани во разни бои. Мотивот на двоглавиот орел често е присутен на текстилот и во македонскиот фолклор и е воспеан во многу стихови. Во целост, овој е еден мотив од текстилни мотиви во тоа време. За разлика од малиот број на средновековните текстилни уметништва сочувани до сеге и најдени низ Македонија во црковните фрески, за што верувам во тие фрески е сочуван многу подобро тој момент, отколку во текстилниот дел што се користел во тоа време. Во тоа време, освен од иконографијата, се надополнуваат и уметностите спроведени во музеите и хералдичките искажувања. Во тоа време имаше разни студии, но и сега во последно време се занимаваат многу луѓе и ја студираат оваа иконограафија и развојот на мотивот на двоглавиот орел на територијата на Република Македонија што е значајно да се спомне. Тоа се неколку фрески во делот на орнаментот во црквата Свети Петар од 1936. Се искажани и во личностите на девојките Калина и Марија, жената и девојката на принцот Новак во тоа време. Како доминантен елемент е искажан орел со еден кружен медаљон во оваа црква и употребен како фреска во црквата Света Марија на маската на Зеус во Охрид, во црквата на Малиград во Преспа и во црквата Света Марија, Света Богородица во Прилеп во близина на Охрид. Мотивот на орелот го среќаваме ви во иконата на Света Марија во Марковиот манастир, каде присуството на овој мотив во фреските на црквите и манастирите и во цела Македонија

датираат од целиот средновековен период од 14 и 15 век, се наоѓа во областа на уметноста во византиската култура под тоа влијание. Историските сведоштва укажуваат дека Македонија имаше еден тежок период за кралството во тоа време. Османлиските империи, раководени од Мурат први, кои во тоа време ги освоиле балканските земји и по освојувањето на Тракија, на удар беше и Македонија. Во заложба за спречување на нивното пробивање во другите земји деспотот Јован Углеша владетел на Цер се заложи да ги обедини владетелите околу него. Под сенка на овој симбол, на овој повик се јавил само еден кнез, кој вие го знаете, а тоа беше Волкашин. Со оваа спогодба од тоа време во 1382 година кралството беше поделено на неколку зони со кои раководеа припадниците на кралските семејства. За нашата дискусија е од интерес дека двоглавиот орел со спуштени крилја и круна меѓу двете глави ја среќаваме како амблем на владеењето на Димитар Деспот од море и син на вториот Маноис од палологот кој во договорот 1380 стана владетел на Солун и териториите окупирани во Источна Македонија. Слично со него е византискиот орел, со измената на двете глави со круна. Додека и во печатот на Иван Црноевиќ од 1485 година надвоглавиот орел му недостасува круната, како што е случајот со двата примери што ги кажав порано.

Трите случаи со двоглавиот орел како мотив датираат од 15 век. За разлика од овие три примери прикажан во мотивот на двоглавиот орел со печатот на Ѓерѓ Кастриот Скендер Бег од 1450 година е прикажан еден двоглав орел со отворени крилја, значи, орел во лет во иконографијата, поинаку од другите примери, кои се спомнаа и поинаку од кралските знаци, како што е кралската круна. Значи печатот на Скендер Бег од 1435 година имаше двоглав орел украсен со круната, но наместо круната во централниот дел меѓу двете глави беше, каде се искажува човекот со шест крака, таканаречена давидова ѕвезда. Околу ова, на латински јазик е напишано и името на Ѓерѓ Кастриот Скендер Бег. Значи, ова беше симболот на кој се повикуваме од 1400 и некоја година, а не симболот кој некој го разбира поинаку. Формиран меѓу два триаголника е познат печат во тоа време, значи, со шест крака, кој како што нагласивме во тој период претставуваше не само симбол на христијанството, туку амблем на светото римско кралство. Текстот на печатот е напишан со латинска азбука, која е употребувана во тоа време и законот кој важел во тоа време.

Имајќи предвид дека печатот кој е користен во тоа време е еден од јаките знаци на власта,а истовремено и симбол на законската припадност на тој што го има. Јасно се гледа дека Ѓерѓ Кастриот Скендер Бег во својот печат го имаше симболот на христијанството. Во овој контекст, тој како следбеник на христијанството, не само што претставува неговиот печат симбол на светата римска црква, туку го има еден од највредните симболи од религиски аспект, земен како симбол на еврејската држава и на раното христијанство. Ќе нагласам дека во периодот 1443, 1468 година Ѓерѓ Кастриот Скендер Бег се бореше и даде отпор на најголемата империја, како што беше Османската империја. Неговата херојска борба предизвика инспирации во целиот христијански свет. Неговото име Искендер или Скендер Бег го доби во тој период кога ги одвиваше најострите борби во 1445 година со неговите соборци. По втор пат го добива и градот Белград, така што да не навлегувам во историјата. Се знае за сите војни кои што се одвивани на Балканскиот дел во тоа време. Прикажувањето на двоглавиот орел во илирските земји како симбол, за прв пат, а се знае дека ние сме наследници на Илирите, 1535 - 1567 година, на Собранието на Тринидад со што на ова Собрание донесена е една херладичка тема, грб. Многу јасно се укажува дека Илирската империја од тоа време беше составена од четири кралевини, Србија, Рашка, Поморјето и Македонија, која во тоа време се спомнуваше како држава сама за себе. Овде се слушнаа зборови дека двоглавиот орел е бел. Околу ова би дала објаснување. И грбот на Скендер Бег од 1595 година каде е двоглавиот орел бел, е трансформиран во црн на бела основа. Подоцна, во 1701 година е објавен еден цртеж и во некои описи и на еден балкански грб.

**Љубиша Георгиевски:** Ставете тука точка, а во 15,00 часот ќе продолжете.

(Пауза за ручек до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Има збор, пратеникот Селвије Салиу, повелете.

**Селвије Салиу:** Ви благодарам.

Уште еднаш ќе нагласам дека се говори за сеалбанскиот симбол, симбол кој во овој период го имаме како Грб на Скендер Бег, симбол кој го користела војската на Скендер Бег која имаше битки и војни на целиот Балкан. Во тоа време беше формиран еден симбол и централниот дел го зафаќа двоглавниот орел во лет со црвена основа. Овој симбол кој е искажан во тоа време до ден денес се употребува како симбол на сите албанци, знаејки ја и познавајки ја албанската историја и потеклото на албанците од тоа време до денес.

Поради ова уште еднаш сакам да нагласам колегите да ја расчистат дилемата и предрасудата околу одбележувањето на овој датум дека со овој наш амандман сме предложиле 28 ноември да биде како ден на одбележување на симболот со кој се идентификува целиот албански народ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има пратеникот Флора Кадриу. Повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам.

Ми треба задолжително да реплицирам, да им реплицирам на пратениците од ДУИ кои секогаш не обвинуваат на неоснована форма и начин и да

им дадам до знаење, всушност да и соопштам на пошироката јавност дека ДПА никогаш не се изјаснувала дека 28 ноември не треба да се празнува. Никогаш. Меѓутоа, токму спротивното, и нашиот пратеник Агим Рамадани пред малку рече дека токму вие, ДУИ, имавте време и можност да го усвоите овој закон за празниците и да направите овој ден да биде празничен ден во Република Македонија. Меѓутоа, вие не само што не го направивте тоа, туку за жал го редуциравте начинот на употребата на албанското знаме.

Што се однесува до читањето на законите и на вашите амандмани, да ви дадам до знаење дека не само господинот Агим Рамадани туку и целата парламентарна група на ДПА не само што ги чита законите и вашите амандмани, туку и ги анализира.

Го спомнавте легитимитетот и вие секогаш се повикувате на онаа легитимност и со тоа не само што правите нешто, туку само сведочите дека не можете да сватите дека сте во опозиција. Ве молам господа, научете еднаш дека сте во опозиција и што се однесува до легитимноста, дозволете ми и јас да се повторам, како и моите колеги од Демократската партија на Албанците или на крајот на краиштата, повторувањето е мајка на учењето и да ви кажам дека што се однесува до легитимноста, ќе се осврнам на некои факти. Првиот факт е дека бројот на вашите пратеници во овој состав е помал од оној во минатиот мандат, господа, и тоа докажува каков легитимитет имате вие. Потоа фактот дека вие излеговте на овие парламентарни избори во коалиција со две други партии, со ПДП и со Бошњаците, кои за жал никогаш веќе не ги спомнувате и исто така тоа сведочи за вашиот легитимитет, имајки го предвид излегувањето на ДПА како единствена партија на овие избори. Потоа, фактот дека полневте кутии и дека на тој начин манипулиравте со гласовите и слободното паво на изразување на граѓаните Албанци во Република Македонија, а исто така тоа сведочи за вашата легитимност. Легитимитетот на ДПА е во полна сила и легална, затоа што соодност 1:3 докажува албанското население за кој политички субјект се определило. А колку за силата господине Рафис, вие докажавте во текот на тие 4 години дека немате воопшто сила и моќ, а ние уште на почетокот докажуваме голема моќ и сила, затоа што се занимаваме и решаваме проблеми кои вие ни ги оставивте во наследство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има госпоѓица Селвије Салиу. Повелете.

**Селвије Салиу:** Не можам да ја разберам Флора Кадриу. Јас сум госпоѓа. Ми се јави да ми реплицира мене.

Во однос на мојата дискусија, никаде не спомнав ниту ДПА ниту други партии, но по се изгледа госпоѓата сеуште мисли дека овде кажува народни приказни или е во некоја театарска претстава и не може да разбере работите како треба да течат. Од друга страна, целосно ја разбирам госпоѓа Флора дека е револтирана од ДУИ, бидејки 4 години тропаше по вратите на високите функционери на ДУИ за да ја добие саканата функција, да стане директор на Националниот албански театар. Целосно го разбирам револтот на оваа дама и добро е да разбере кој што говори и кому треба да реплицира бидејки јас во мојата дискусија дадов објаснувања за јавноста и за пратениците за текот на албанскиот национален симбол. Можеби таа не сакаше ова да го сослуша и отиде во друга насока.

**Бесим Догани:** Процедурално, бидејки ве повикаа по име, повелете господине Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам. Навистина многу накратко ќе дадам една контра реплика до госпоѓата пратеник за тоа што направи ДУИ. Имено, тоа го покажаа по последните избори, за тоа кој ги полнеше кутиите, и тоа го знае населението. Вие настојувате сто пати да повторите една лага, а до колку сто пати се повтори една лага, тогаш ќе поверуваш во твојата лага и тие луѓе се нарекуваат хоштаплери. Како и да е, тоа е ваш проблем.

Охридскиот договор го потпиша и вашиот политички субјект и земете го тој договор и прочитајте, таму е многу јасно кажано каде и како може да се употреби знамето, нашиот национален симбол. Тој одговор сигурно треба да го побарате кај вашиот лидер, а не кај мене. Затоа, што направила ДУИ, реков и ќе кажам уште еднаш, одговорија граѓаните и нема потреба јас да повторувам. Повелете вие направете нешто и јас ќе ве пдоржам, повелете направете чекор напред, придвижете ги работите барем половина чекор, ние ќе ве подржиме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Благодарам.

Почитувани пратеници, изгледа ова Собрание наместо да има еден сосема нормален тек на функционирање и да се постави во служба на производство на закони и на градење стандарди кои Македонија ќе ја доближат до патешествието кон Европската унија и до интегрирањето во евроатланските структури, токму на тој начин како што нагласи и претставникот на Владата, актуелниот минситер за труд и социјална политика господинот Мешков, и јас сакам да кажам дека во овој Парламент имаме непродуктивни дебати, се создаваат непродуктивни ситуации, се создава ситуација која е негативна било за нас пратениците во овој Парламент, но и за пошироката јавност, меѓутоа многу пати и пратеникот што сака да земе збор се наоѓа во неповолна ситуација, затоа што му е малку тешко да го образложи своето многу разионално убедување за тоа што мисли тој дека треба да биде дел од законот и да го даде суштествениот придонес за градењето, всушност за производството на законите и за

интервенирањето во законите, кои интервенции мисли дека треба да се вградат во истите.

Денес повторно се наоѓаме во еден момент кога може да се создадат и конфликтни ситуации, ситуации во кои ние можеме да реплицираме едни на други, меѓутоа, во целина ја избегнуваме суштествената цел или намера, а тоа е да го дадеме фундаменталниот придонес за тоа за што сме избрани, значи за производство на закони кои ќе бидат во согласност и хармонизација со европските закони.

Актуелниот закон односно Предлог законот кој се брани од страна на претставникот на Минситерството предизвика дебата и оваа дебата дали е продуктивна и дали имаме готовност и пристап да процениме реално дека овој Предлог закон треба да претрпи измени или не, тоа е прашање на време кога новите генерации ќе проценат реално дека една ваква дебата добила позитивна или негативна оценка од оваа политичка гарнитура.

Ние како парламентарна група ДУИ - ПДП и јас лично ценам дека актуелниот Предлог закон има неколку дефекти, а посебно сакам да го гледам основниот дефект со тоа што во овој закон не е опфатен ниту еден датум кој би ја инкорпорирал државотворноста на албанците во првата категорија и според категоризацијата овој Предлог закон ја има изедначено албанската заедница со другите заедници. Не за да се омаловажи, но сакам да кажам една реална градација на тоа што би требало да биде во една мултиетничка држава.

Господинот Мешков во своето експозе декларира многу јасно и добро дека иницијативата за изменување на Предлог законот за празниците е преземена од причини што актуелниот закон е предложен од еден пратеник и го нема потписот на некоја позначајна институција како што е Владата на Република Македонија. Исто така, тој нагласи дека ангажирањето на Република Македонија и на овој ...

**Бесим Догани:** Ќе ве замолам да зборувате по амандманот. Имавте време во општиот претрес да говорите за законот воопшто. Сега зборуваме за амандманот и имаме претрес по амандманот. Повелете.

**Хани Тахир:** Господине Догани, мислам дека секој говор има вовед, содржина и заклучок. Ова е логиката на еден рационален и есенцијален говор.

**Бесим Догани:** Сум студирал книжевност, знам што е вовед и т.н. Вие имавте можност да говорите општо за законот цели три -четири дена, а сега би ве замолил да се задржите повеќе на амандманот што го имате вие доставено. Повелете.

**Хани Тахир:** Сега се јавуваме во позиција на тоа кој е во посилна позиција за да ја наметне и политиката, нели?

**Бесим Догани:** Се работи за Деловникот.

**Хани Тахир:** Сакам да кажам едно прашање. И Деловникот за работа нема многу детално ограничување и затоа интервенираме со промена на Деловникот за работа. До колку говорам за Предлог законот за изменување на Законот за празници треба да говорам за тоа во што сум убеден, за тоа зошто треба да се измени или да се инкорпорира еден закон кој ќе опфати еден од празниците кој ќе го има албанскиот национален идентитет при државотворноста на државата и во оваа насока, така како што говоревме за 13 август, така ќе говорам и за 28 ноември - денот на албанското знаме.

Сакам да кажам дека за 28 ноември можеме да читаме со денови, меѓутоа, треба да дадеме суштинско образложение зошто 28 ноември, 13 август или некој друг датум од албанската историја треба да се опфати во членот 1 како државотворен елемент. Затоа што до колку треба да се повикам на предложениот амандман од наша страна, треба да се повикам и на Амандманот 5 од Уставот на Република Македонија, треба да се повикаме исто така и треба да го прочитаме на детален начин и Законот за употребата на симболите на националностите, треба исто така да се повикаме и на историјатот на празникот или манифестацијата на денот на знамето.

Јас сакам да го нагласам фактот на компарацијата, како што вели актуелниот министер дека Предлогот на законот се дава со цел за усогласување на овој закон со законските норми на ЕУ. Меѓутоа, треба да му биде јасно дека прво усогласување треба да се направи со објективната реалност која постои во Република Македонија и оваа објективна реалност докажува дека тој нема усогласеност, во прв ред не го има усогласено овој Предлог закон со Законот за употребата на националните симболи.

Тука сакам да дојдам до фактот дека 28 ноември е празник на граѓаните Албанци и албанската заедница во Република Македонија, кој се празнувал со векови, кој се празнувал во најразлични периоди и опасни периоди во режимите во минатото. Во тие режими ние во Република Македонија имаме многу прогонети од причина што тие го празнувале 28 ноември. Меѓу оние кон кои имало прекршочни пријави за употреба на националното знаме сум бил и јас, сум имал кривична пријава за прекршок за употреба на националното знаме на 28 ноември.

Причината зошто овој историски датум треба да биде меѓу датумите кои ќе се празнуваат во Република Македонија и за албанската заедница, имајќи ја предвид реалноста дека Албанците овој историски датум го празнуваат на овој или оној начин, го празнувале и во поранешниот Југословенски режим, го празнувале и во познатиот лош период на Ранковиќ, го празнувале и во периодот на Милошевиќ, го празнувале и во периодот по 90-тите години, а го употребуваат и до ден денес и ова е многу свет ден за сите Албанци.

Сигурно дека се поставува дилема дали треба да биде меѓу државотворните празници на државата или во празници на националности. Бидејќи имаме неколку амандмани предложени од нашата пратеничка група или од било кого, кои би требало да се инкорпорираат во Предлог законот за изменување на Законот за празници, тогаш ние ќе треба да избереме меѓу алтернативата на инкорпорирање на еден празник кој ќе можеше да ги опфати Албанците како државотворен елемент во оваа земја. Се водеше расправа за 13 август и не се прифати тој амандман, сега расправаме за празникот 28 ноември, кој ќе биде пристапот, која ќе биде причината - господинот минситер во текот на образложувањето на разните амандмани даде разни контрадикторни елементи за оправданоста зошто не би требало да се прифати еден или друг амандман и во целина ќе треба да говори, затоа што целта ги оправдува средствата, тој треба да говори затоа што треба да го одбие секој амандман што ќе дојде од страна на опозицијата. Фактот го сведочи тоа. До колку имаме реална практика во Република Македонија, а оваа реална практика е и апсолутна во Република Македонија, празникот 28 ноември се празнува од сите албанци, се празнува без исклучок затоа што тоа не може да биде приватизирано или не може да биде атрибут на ниту една групација или поединец, туку атрибут на целата албанска нација во сите албански простори и не само во албанските простори, туку и пошироко.

Сакам да нагласам до колку имаме закон за употребата на националните симболи, со кој се предвидува дека албанскиот национален симбол може да се употреби во државните институции. Овој симбол може да се употреби и во локалните институции и тоа е реална практика, сакале ние или не.

Господинот Мешков како ќе образложи што на разни празници нашиот национален симбол ќе се употреби и тој ќе дојде во контрадикција самиот со себе. Употребата на албанскиот национален симбол не може да ја спречи никој, затоа е и вграден во законска норматива и уставна норматива за употребата на националните симболи. Всушност, ние што бараме?

Ние сме дале алтернатива во Предлог законот за празници да се востанови еден празник кој ќе даде консензус, придонес и Албанците да се чувствуваат заслужни за создавањето на овој закон. Во моментот мислам дека не сме мериторни затоа што од 27 предложени празници само еден празник е со национален атрибут. Тоа е 22 ноември денот на албанската азбука кој Конгрес беше во Битола и позитивни резултати од тоа не можат да се остварат никако. Се поставува дилема дали е доволен само 22 ноември, дали е доволно во Предлог законот кој е понуден од Владата да имаме само еден празник во 4-та категорија од Предлог законот, или ќе треба да имаме празник во членот 1. Оправданоста е во фактот што се додека го имаме Предлог законот за употребата на националните симболи на заедниците во Република Македонија во кој се отвора реален простор за злоупотреба на нашиот национален симбол и во институциите, зошто законот за знаме да не биде норматива во овој моментално предложен закон.

Почитувајќи се меѓу себе ние создаваме еден амбиент на взаемна почит, амбиент во кој нашата енергија ќе се посвети на соживот. Секако во Предлог законот од Владата не одбиваме зошто се нудат празници на македонската заедница кои се во доволен број и тие, доколку сакаат да празнуваат можат да празнуваат и над 27 празници, што за мене воопшто не е проблем. Меѓутоа, суштински е што еден празник кој ќе има атрибути и на државотворност и на национален албански идентитет треба да се упати во овој Предлог закон за празници. Во спротивно ќе продолжи истата пракса, овој празник ќе се празнува само ќе се докаже дека немаме разбирање, немаме взаемна почит. Ние ќе го употребуваме знамето, ќе празнуваме 28 ноември за сите нас пред нашите очи. Ќе кажам еден израз на Габриел Гарсија Маркер кој во своето писмо вели ние трчаме по врвовите на планините за да најдеме радост, среќа, меѓутоа, забораваме дека среќата ја имаме на прагот на нашите нозе. Господине Мешков и сите други среќата ја имаме до нашите нозе и почитувајќи се взаемно за волјата, за желбата и тоа што го чувствуваме дека треба да го имаме во еден Предлог на закон. Во овој Парламент ми се јавува една дилема, зарем моите искрени размислувања ќе наидат на разбирање или ќе наидат на формулата на Макијавели дека целта ги оправдува средствата, да бидам оспоруван без разлика што јас го велам или без оглед што тоа го велам без партиска предрасуда мислам дека треба суштински да биде така како што мислам или независно од моето лично чувство ќе имам спротивставување.

Сакам уште еднаш да нагласам на есенцијален начин имам забелешка дека во Предлог законот за празници задолжително треба да имаме празник и тоа во членот 1, празник кој Албанците ќе го чуствуваат како државен и во празниците од втората категорија како што е 22 ноември Денот на конгресот, времето ќе покаже. Судовите што го надминуваат времето се многу мериторни и времето ќе докаже, ќе посведочи дека овој закон за празниците во иднина ќе биде изменет. Всушност не може квантитетот на овој закон да биде минимизиран за Албанците. Не може ние да имаме Предлог закон во кој Албанците не се претставени во атрибутот на државотворноста. Доколку сакаме да бидеме многу повеќе рационални и доколку сакаме овој Парламент да не се претвори во спротивставена дебата или расправа без оглед на аргументите, ќе треба да се изнајде реален механизам на создавање на политички односи во Парламентот затоа што ние секогаш слушаме дали дијалогот во овој Парламент е потребен, дали е потребна почит во овој Парламент, дали треба да функционира

правната држава, дали ќе треба да постои мериторен дијалог кој земјата ќе ја приближи и колку е можно побрзо до евроатланските структури. Ова во прв ред ќе зависи од мнозинството. Немојте да заборавате почитувани пратеници дека еден претставник од вашето мнозинство во еден весник децидно изјавува дека мнозинството е обврзано да гради односи на дијалог и мнозинството е обврзано да создава лодноси на дијалог во Парламентот. Градењето на односите на дијалог, градењето на односите на усогласеност во Парламентот, тоа е успех на политичкото мнозинство. Ние во овој момент со тоа што се спротивставувате априори на сите амандмани од опозицијата, без оглед дали има оправдани елементи, аргументирани, поаѓајќи од 28 ноември кој има ексклузивни национални атрибути за кои може да има забелешки дали треба да биде во членот 1 на празници со државен атрибут, меѓутоа, не постои ниту еден аргумент за одбивање на 13 август датум кој се припишува на сите конститутивни елементи на оваа држава. Апсолутноста е дека двата екстреми се спротивставени. На двата екстреми имаме контрадикторни аргументи од актуелниот министер затоа што, доколку за актуелниот амандман за 28 ноември вели дека не може да има атрибути на државотворност, тогаш како вие се спротивставувате на 13 август.

Сакам тука да привршам, сите ние треба да дадеме придонес затоа што стандардите не ги градиме за денес, треба да направиме разлика помеѓу егзекутивата и легислативата. Егзекутивата манипулира со Буџетот, со материјалните добра, егзекутивата е друг сегмент додека легислативата гради стандарди. Ние сме тука за градење на стандарди кои ќе не приближат ден поблиску до Европа и кон НАТО, ние треба да ја покажеме нашата ефикасност, а статистиката не покажува дека овој Парламент е ефикасен.

Процентот на граѓаните за ефикасноста на овој Парламент е на минимум и сите ние ќе паднеме на испит како легислативен орган со нашиот капацитет да ја водиме земјата напред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Ви благодарам.

Почитувани даи и господа присутни во овој Парламентарен дом.

За поднесениот амандман од парламентарната група ДУИ и ПДП овој амандман го поднесовме се со цел да го подобриме законот за празници. Значи, и Албанците да имаат државен празник за да го празнуваат заедно со другите заедници. Претходно колешката елаборираше во однос на прашањето и симболот на орелот како е користен, на кое место е употребуван и со една точност служејќи се со литература на многу научници кои истражувале за орелот на Балканот и пошироко ги искажа разликите и точно кажа како еволуирал овој симбол.

Целта на овој празник, целта на орелот е поднесен како една цивилизација изградена во тоа време на Балканот и пошироко.

Токму Скендер Бег на 28 ноември 1443 година го крена ова знаме и ги соедини освен Албанците и другите народи на Балканот заедно да ја формираат државата и своите симболи на Балканот.

Не е едноставно да го третираш како едно албанско национално знаме дури многу научници и странски академии на науки орелот и ова знаме датира уште од времето на Пиро. Исто така нема научни документи, туку се претпоставува, се знае дејствувањето на Пиро, ако грешам нека ме исправат историчарите, тој е пред Христа и пред нашата ера. На ова место, на ова подрачје беа сите народи на Балканот Албанци, Срби, Црногорци и др. Можам да кажам дека постоеја и антички Македонци, така што да направиш еден осврт и да го отфрлиш овој амандман е да не ги прифатиш цивилизациите од 14 и 15 век со одбивање на овој наш амандман. За жалење е, во бурниот развој на технологијата на овој нов век еден голем развој на една вистинска цивилизација во овој нов век, а од друга страна да не бидеш образован и да немаш вистинска наобразба и ад хок да го отфрлиш поднесениот амандман од парламентарната група ДУИ-ПДП, тогаш ова говори за нешто друго дека не живееме во голем технолошки развој и не живееме во голем образовен систем.

Не можам да го разберам меѓуетничкото почитување, не можам да ја почитам почитта која беше во 14 и 15 век меѓу балканските народи каде беа обединети околу едно знаме со двоглав орел, а денес тоа да не се прифати. Од многу археолошки истражувања во земјата и пошироко дури и во црквите кои постојат во Македонија во кои има многу истражувања најдоа фрески со орел и со петокрака ѕвезда. Дали ова не говори доволно дека и овој празник и ова знаме да биде државен празник во оваа Република. Вистина е и тоа дека ова знаме се користи на сите албански подрачја. Има друга голема вистина дека околу ова знаме Скендер Бег ги соедини сите племиња на Балканот не само албанските племиња, туку и другите и македонските. Дури во поранешна Дарданија, дарданите ги помогнаа Македонците, па зошто не се служите и со овие факти, туку само кажувате факти дека ова знаме е само на Албанците.

Скендер Бег ги формира симболите на еден балкан, ја создаде силата, ја создаде војската за да му даде отпор на тогашната Отоманска империја. Се бореше и ги издигна тогашните цивилизации така што многу академици од светот, но и од Македонија овој човек го издигна на еден висок пиедестал како еден стратег, воен стратег и политичар од висок ранг го заштити христијанството. Исто така со ова знаме го заштити христијанството. Тогаш се поставува прашањето вие не го прифаќате еден човек со ова знаме го брани христијанството, брани други европски цивилизации и да се каже ад хок дека

ова не е празник, еден државен празник на Албанија или на некој друг. Токму почитувајќи го овој регион едни со други ќе не почитуваат и другите пошироко. Доколку не се почитуваме взаемно во овој регион, подржувајќи ги празниците можеби само албански и подржувајќи ги овие празници и ова знаме ќе го поддржиме и самите ќе се издигнете вие како Македонци.

Целта и постапката на Скендер Бег не беше само за државотворноста на Албанците и знамето во тоа време. Претходно реков се работи за сите народи на Балканот како што беше и Александар Македонски е неразбирливо доколку за Александар Велики, ние како Албанци го викаме Лека, а другите Александар Велики, но не е важно, важно е тоа дека ги има обединето идеите и цивилизациите на сите народи исто така и овој човек. Скендер Бег на 28 ноември 1443 година ги обедини прогресивните сили, селаните, феудалците за слобода на сите народи на Балканот.

Кога велам за сите народи на Балканот, тогагаш дефакто и де јуре  вие не го прифаќаат фактот дека сте биле народ во тоа време, значи, со неприфаќањето на овој празник и овој датум.Само по себе, вие самите се иземате од тоа време.

Јас ќе направам една споредба и сигурно колегите ќе кажат дека ДУИ ни држат предавање по историја, една тркалезна маса по историја.Но токму за да не ви држам вакви предавања ќе направам една споредба, бидејќи ние поднесовме амандман и за 13 август, со што навистина ги воспоставивме темелите  на новата државност и тој датум не се прифати од господинот Мешков и од парламентарното мнозинство од моја лева страна.Тогаш, неприфаќањето на тој датум нас не принуди со други амандман да говориме пошироко, дека со ова знаме се бранеа и штитеа цивилизаците и со ова знаме се издигнати цивилизациите во 14 и 15 век, најмалку тие кои се датирани и напишани. Токму за волја на тие цивилизации кои се бранеа во тоа време, со тоа знаме, најмалку треба да се замислиме и во ова ново време и цивилизациите кои ги уживаме денес, се доволни или недоволни да се заложиме и да се разбереме заедно. За да се разбереме взаемно треба да бидеме познавачи на нашите проблематики малку пошироко, а не дерогирајќи едни други дали заслужуваме нешто или не заслужуваме и на овој начин, навистина, празникот 28 ноември-Ден на албанското знаме кое е воспоставено со Закон во Република Македонија да стане државен празник за да го празнуваме сите заедно и на овој начин разликите меѓу двете заедници да се приближат или да исчезнат иако не верувам дека ќе се прифати овој наш амандман, но разликите мислам дека ќе постојат. Од разликите нема до придобиеме ниту албанската ниту македонската заедница. Ќе дојдеме до тоа секој да ги празнува своите празници поединечно и секој да ги почитува своите празници, а да не ги почитува празниците на другите, а незаемното почитување се знае каде ќе не однесе. Ви Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Продолжуваме понатаму има збор пратеникот Адан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодара.

Почитувани пратеници,

Не сакајќе да се повторам, ќе настојувам јас да го дадам мојот придонес или пак да образложам зошто е предложен овој Предлог амандман со кој се бара 28 ноември денот на албанското знаме да влезе во рамките на тоа што се нарекува државен празник.

Не сакајќи да се повторам и да се пуштам во историскиот аспект да елаборирам на широко и на долго исто како што го направија тоа и претходните колеги, затоа што ценам дека на детален начин и таксативен начин ги наброија и елаборираа не само за потеклото на знамето туку со еден аспект, спроред мене,  да елаборираат на детален начин, би рекол и за меѓународниот карактер на овој симбол, како што е симболот знамето.

Сепак, во оваа прилика сакам да направам една разлика меѓу тоа што се предлага во амандманот, како што е 28 ноември - ден на албанското знаме, за разлика од тоа што ценам дека мнозинството на пратениците, посебно со македонска етничка припадност не им е јасно, 28 ноември 1912 година што се знае како Ден на независноста. Во оваа насока, почитувани колеги, од овој аспект би било добро да не се фетишизираат овие два празници, иако во еден аспект се совпаѓа денот, меѓутоа сепак разликите се есенцијални, суштински, за тоа што историските периоди кога се случиле овие настани се со една долга дистанца и воопшто не се совпаѓаат.

Предлог - амандманот за кој што се говори, доколку се анализира внимателно е во однос на 28 ноември - ден на знамето од 1443 година, а независноста на Албанија се случува многу подицна на 28 ноември 1912 година. во оваа насока, преку овој амандман се бара во рамките на државните празници да се востанови и 28 ноември како ден на албанското знаме.

Друга причина, што според мене треба да се каже, а не беше кажан од претходните говорници е во однос на причините што се повеќе од правно-практичен карактер. Така, како што беше нагласено дека од претходниот парламентарен состав беше усвоен Законот, преку кој, на некој начин, беше санкционирана формата на знамето на Скендер Бег. Тоа време, значи уште од времето на Скендер Бег, се употребува со иста содржина и од сите Албанци, без оглед на државноста, местото на престој или на живеење.

Во оваа насока јас навистина не би знаел која е причината или оправданието да се санкционира содржината на еден симбол, како што е знамето, а денот на раѓањето на знамето да не се санкционира, затоа што во оваа прилика сакам

да нагасам дека знамето така како што е предвидено во законските одредби за знамето, ценам дека тоа го знае и министерот, колегата Мешков, затоа што во времето кога се донесе овој Закон тој беше пратеник. Тоа значи дека употребата на ова знаме може да се прави на 28 ноември.

Сепак, сега, преку овој Предлго-амандман се бара не само да се празнува, туку на некој начин 28 ноември - денот на албанското знаме да се прогласи како неработен ден.

Меѓутоа, овој амандман има, би рекол и меѓународен карактер или пак има аргументи на меѓународен карактер. Пред мене господине Мешков го имам Законот за празници на Романија. Јас би ви поставил прашање, знаете ли колкав е бројот на празници што Унгарците ги празуваат во Романија? Барам одговор од вас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Одиме понатаму, збор има пратеникот Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Ви благодарам.

Почитуван господине Догани, почитувани пратеници,

Јас реков и во општиот дел од законот, со самиот факт дека парламентарното мнозинство и Владата со овој закон отвора една расправа за празници што е во врска со нашите културни, етнички и религиозни традиции, во оваа расправа не може да се ослободиме, кога е веше отворена расправата, од една во однос на традициите, правата, етничките и културните права.

Тргувајќи од фактот дека моите колеги успеjaa да дадат многу историски аргументи од историски апект во однос на овој празник, би сакала да се задржам на неколку политички аргументи.

Секако, без да се потцени фактот дека историјата е учител на животот и покрај тоа во нашата политичка традиција, во новата политичка историја има многу аргументи, затоа што во време кога се отвора една нова расправа за празници, во време кога мнозинството и Владата одлучуваат да го зголемат боројот на празници, за да се обезбеди двојно мнозинство е подготвено да го прошири борјот на празниците и со празници на помали заедници, со сето почит во однос на овие заедници, не гледам ниту една причина за отсуство на подготвеност да имаме повеќе чувство, да почитуваме повеќе еден традиционален празник на еден народ кој живее со Македонците на овие подрачја и на еден народ кој, покрај своите сограѓани, Македонците, учествувал во многу процеси на изградба на оваа земја, но и во многу процеси во однс на регионалната стабилност.

Во однос на политичкиот аргуметн што би сакала да го презентрам и кажам, зошто 28 ноември може, но и треба да биде, а најмалку што може е да се размисли да биде државен празник, бидејќи имам впечаток некогаш дека неколку работи од мнозинството е тешко да се замислат, мислам дека треба некои работи и да се замислат, овој политички аргумент е во прв ред во однос на прашањето на природата на државата и со дефиницијата на самата држава.

Тргнувајќи од фактот дека со својот Устав нашата земја се дефинира како држава на Македонскиот народ, во која што исто, како суверен дел учествуваат и делови на дргуи народи, тука е и Албанскиот народ, тогаш кога овие политички концепти ги пренесувате од аспект на славење, според тоа и празнувањето треба да го споделите заедно со другите делови од народите кои живеат во оваа земја. Поаѓајќи од фактот дека балканските држави се нови држави, поаѓајќи од фалтот дека балкаските држави почнуваат со процесот на изградба при крајот на 19 век, а поголем дел од нашите држви политички се формираат во последните години од 20 век, тогаш не можете да очекувате историјата или албанската традиција да се поврзува територијално само со Македонија, како што не можете да очекувате македонската историја да се поврзува само со денешната историја. Така е, затоа што балканските народи, нивните истории и политички традиции се многу поеластични и пошироки во последниве неколку години.

Затоа, мислам дека со неподготвеноста да се размислува за прифаќање, а со тоа да зрачите со значењето на 28 ноември, што претставува за нас Албанците во Македонија, мислам дека уште еднаш се наметнува моноетнички концепт на ексклузивноста, што е е добро. Мислам дека би требало да се покаже еден повеќе мултиетнички пристап, поголема инклузивност, поголема подготвеност да зрачите и за празниците на етничките заедници на кои, еве, во овој случај не им треба гласот на Бадинтер. Дали, речиси, за да зрачите за другите е потребен само еден глас повеќе или помалку и дека само тогаш треба да се зрачи?! Жалам што овој пристап надвладеа, во размислувањето на мнозинството во однос на овие празници.

Мој втор политички аргумент е во однос на етничките симболи. Поаѓајќи од фактот дека како обврска на Охридскиот рамковен договор во минатиот мандат се донесе Закон што ја уредува употребата на етничките симболи, во оваа можност се уреди употребата на етинчките сиболи, опфаќајќи го албанското знаме. Албанското знаме, со него се идентификуваат Албанците од Македонија е исто со албанското знаме на други подрачја и места. Ова национално албанско занаме, фактички во деновите на празници, како што е 8 Септември, 2 Август, како што се празниците Велигден или Божиќ, фактички во земјите каде што има 50% Албанско население се употребува паралелно со државното знаме.

Правејќи го овој симбол, фактички дел од нашето секојдневие и нашиот секојдневен живот, тогаш јас не гледам во што е проблемот, датумот што се слави како датум на овој симбол што веќе не е симбол само на Албанците, туку е симбол на

земјите и деловите па и на граѓаните на оваа земја, да се употребува ил да стане државен празник. За мене е лично, никогаш не било страно да ги чувствувам за мои и другите симболи кои се дел на моето поднебје. За мене лично не беше никогаш проблем да и личности кои не припаѓаат на мојата нација да ги чуствувам како дел од мојата култура, со самиот факт дека има дадено придонес за општото добро и за општата цивилизација и култура.

Почитувани дами и господа, културата и културната традиција и почитта за културата, не е прашање кое можете да го затворите во одредени граници и тесни граници. Наспроти е еден широк концепт што се проширува токлу колку што можеме ние да го прошириме нашиот дијафазон и нашата толеранција.

Да се вратам уште еднаш токму на фактот на историите преплетени на балканските народи. Колку да се комплицирани и со конфликти да беше нашето минато, некогаш има впечаток дека во минатата историја можеме да нејдеме многу личности и митови кои можат да не обединат. За Албанците и Македонците зошто не, низ историската личнот на Скендер Бег која што се поврзува со 28 ноември е една личност која ги обединува, а не личност која разидинува.

Затоа и доколку некој од мнозинството имаше ваков пристап на овој закон ќе најдеше многу аргументи да се најдеше и себе си во 28 ноември.

Еден трет аргумент е прашањето на изградбата на толеранција, мултиетничката толеранциа. Нашите општи идеи кон НАТО и Европската унија бараат изградба на ваква толеранција, но не само проформа. Во рамките на Јадранската повелба, фактички Македонија заедно со Албанија и Хрватска претендира да биде членка под едно заедничко знаме и поголемо од тоа што се нашите три држави, а тоа е НАТО. Некогаш барањето на елементите и културните основи заеднички со регионалните партнери со кои имаме поголеми животни интереси, зошто не, може да им помогнат на политичките процеси.

Затоа, дами и господа, жалам што можам да најдам големо отсуство на толеранција за да замислам една идеја 28 ноември да биде државен празник, да го замислам фактот дека и покрај тоа, вашите сограѓани имаат еден празник што го чувствуваат и сакаат да го споделат со вас.

Има некои работи кои некогаш и ние, кои сме помалку од вас, кои сте во мнозинство, сакаме да ги споделиме со другите. Но, за тоа е потребна волја од двете страни. Некој тоа треба да го прифати.

Никому не можете да му дадете со сила, туку можете со сила да му одземете. Затоа, уште еднаш сигурно ќе се вратиме на оваа тема, бидејќи се повторува на разни начини, со други амандмани. Уште еднаш ќе се навратам на овие теми преку нашите амандмани, со надеж да успееме и тоа да дојде до увото на нашите колеги, за да изградиме повеќе разбирање, взаемно разбирање за нашите заеднички вредности. А, заедничките вредности се градат со взаемното познавање и со помалку предрасуди. За жал, во сите досегашни оспорувања во однос на овој датум, можам да забележам многу предрасуди, но малку факти и на малку аргументи.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Арифи.

Пратеникот Гарип Каба има реплика, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам.

Господине потпретседател, почитувани пратеници,

Јас сакав да ја поттикнам госпоѓата Теута за толку убавата семантичка дискусија, како и вообичаено, вие госпоѓо Теута, вас ве ценам за вашите дискусии, дотолку повеќе кога дискутирате за вредностите кои што вие од филозофската област знаете убаво да ги нагласите и знаете многу убаво да ги поставите тука во Парламентот. Меѓутоа јас се зачудувам кога вие повеќе се посветувате на едно прашање, кое што секако и за нас е многу значајно, меѓутоа политиката, госпоѓо Теута, не е игра на карти, политиката е, вие сигурно тоа го знаете, политиката не е сува филозофија, политиката бара смелост. А, вам таа ви недостига како од интелектуален аспект, така и од патриотски аспект. Ова ви го кажувам со една голема забелешка, затоа што вие немате интелектуална смелост да организирате собир со парламентарната група, значи седница на Комисијата за култура, која што се претседава од ваша страна и причината зошто не ја свикувате таа Комисија и треба тоа да го кажете пред вашата партија, меѓутоа и пред другите пратеници. Затоа што, има уште двајца други претседатели на комисии што ги имате во партијата, кои што раководат со тие комисии и кои ги претседавале на албански јазик, комисиите кои што досега немале нормален тек. Вие досега не сте свикале таква седница.

Ве поканувам да рефлектирате и за работите кои што имаат национални теми, би било добро другпат да внимавате и работите да ги гледате малку пореално. Од овој аспект на гледање јас барам вие да рефлектирате и за периодот кога сте биле алфа и омега во партијата, речиси сте раководеле со таа партија. Што сте напрвиле вие за овие работи, дотолку повеќе кога ги тангираат интересите на албанците. Зошто не сте рефлектирале тогаш да работите, дури и порано кога сте биле ангажирани во политиката како интелектуалка да придонесувате за овие работи.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Каба.

Контра реплика има госпоѓа Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Ви благодарам.

Во нашиот монат мандат ние го изгласавме со Бадинтер, Законот за употребата на национални

симболи. Ова е нашиот придонес, а вие не можете да ни дадете ниту еден празник. Во меѓувреме не сум ја закажала Комисијата господине Каба, затоа што се плашам кога ќе го слушнете мојот убав албански јазик, ќе ја напуштите седницата на таа Комисија. Затоа не сум ја закажала таа седница.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Џевад Адеми, повелете.

**Џевад Адеми:** Благодарам господине Догани.

Мојата дискусија ќе ја отпочнам во еден дел таму каде што застана госпоѓата Теута Арифи. Во нејзиниот говор покрај другото, таа спомна една реченица дека историјата е учителка на животот. Јас оваа поговорка ќе ја третирам од другата страна и ќе ве потсетам дека, колку што не учи историјата и колку не е учителка во животот. Колку пати во историјата се случувале работи кои што не би требало да се случат. Моето приклучување кон барањето на парламентарната група на ДУИ и ПДП со амандман да интервенира по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за празниците во Република Македонија, е само едно продолжување на мојот животен пат и континуитет во истиот. Континуитет при афирмирањето, култивирањето, негувањето, заштитата и унапредувањето на нашите национални вредности. Не треба многу историска култура, не треба многу елоквентност, реторичка елоквентност за да се докаже тежината, значењето и пораката која што се проследува до албанските граѓани. Почитувањето на најголемата вредност од нашето национално наследство, симболика која што во себе го опфаќа датумот 28 ноември. Се обидував да ја разберам логиката на предлагачот кога почнав со предлагање на законот за изменување и дополнување на Законот за празниците во Република Македонија и во овој мој предлог воопшто, за жал, воопшто не водел сметка за емоционалната димензија на албанците што се однесува на ова прашање. Затоа што, да предложиш една серија празници дури за политички мотиви и инструментализација на инструментот наречен начело на двојно мнозинство, да се предложат и други празници и никаде, буквално никаде да не се опфати димензијата на албанското битисување кое што симболизира празникот на знамето, туку повеќе доколку предлагачот го направеше ова нешто, ќе имавме добра шанса или прилика, вклучувајќи се сите во дебата и да елиминираме една дежурна тема, која што честопати тука во Македонија се експлоатира дека симболот на албанците црниот двоглав орел на црвена основа е национален симбол или пак државен симбол. Дали е симбол на Албанците и пак на албанската држава. Дали е нешто што почнува со основањето на албанската држава или пак е вредност која што датира многу порано од многу држави на Балканот. За жал, ниту предлагачот, ниту парламентарното мнозинство не манифестирале некое внимание за оваа димензија, туку со едно неразбирливо чувство на одбивност во форма на молчење, не сакаат да ја разберат суштината на проблемот, кој што за албанците тука во Македонија е врвот на Ајзберг, денот на знамето, 28 ноември 1443 година. Потоа, 28 ноември 1912 година за Албанците каде и да се наоѓаат, каде и да живеат е црвената нишка која што ги спојува и ги обединува, што ги прави да се чувствуваат горди и што постојано во историјата континуирано била точката или пак линијата која што никогаш не смеело да се гази или да се прегази. Беа дадени многу аргументи тука од мои колеги, од претходните говорници, пратеници на ДУИ дека колку Средновековна Европа знаела да го цени 28 ноември 1443 година во канцелариите од тоа време, овој датум и активностите на нашите национални херои, хероите на Скендербег биле точки на референрирање, биле точка на светлост, наспроти мракот кој што се пројавувал кон Балканот. Тоа е задача над задачите и е обврска која што не дозволува да се запостави, албанците пратеници во овој состав заради фактот што Владата предлага закон за изменување на Законот за празниците, затоа што доколку не беше оваа тема, доколку не се собеpевме да дабатираме за ова прашање, тогаш немаше да разговараме за ова прашање. Дотолку повеќе ние пратениците немаше да имаме од ДУИ шанса или можност да држиме историски лекции, да држиме лекции во наследство или пак за вредноста. Затоа што, дозволете да ви кажам, не се чувствувам малку горд кога го спомнувам датумот од 1443 година, бидејќи тоа се многу години и многу векови.

Ќе ми дозволите да ве потсетам на уште еден факт. Ова повеќе го правам за граѓаните, за јавноста како албанската така и македонската, затоа што сум разочаран од интелектуалната граѓанска смелост на нашите колеги од актуелното мнозинство. Тоа е мое убедување, кое што ми се зајакнува од ден на ден, за жал, дека доколку немаме смелост да ги почитуваме вредностите, посебностите на другите, тешко дека ќе можеме да ги афирмираме автохтоните вредности. Ќе беше исклучително позитивен сигнал во прв ред за граѓанинот албанец, потоа за целата јавност, опфаќајќи ја тука и меѓународната заедница, доколку по некое чудо се случи, токму чудо Парламентот во Македонија да усвои Предлог-закон за изменување на законот за празници во Република Македонија и во членот каде што се определуваат државните празници, се опфатеше и 28 ноември, денот на националното албанско знаме. Порака, потранспарентна, посилна, порака од ова, немаше да постои. Празни се ветувањата, празни и попусти се театрализмите на обидите што не се многу убедливи да се говори на албански јазик, доколку ова не биде придружено со конкретни дејствувања и активности. Актуелното мнозинство има можност да му каже на граѓанинот Албанец така како што се гордееме со

нашето национално наследство, говорам за македонското, така како што се гордееме со Климент и сосите други просветители, дејци, Македонци, како што се гордееме со нашето револуционерно наследство идентификувано со ВМРО, така сме горди да имаме сограѓани кои што со право се гордеат  со многу вековно наследство на нивниот национален симбол, наследството на нашите сограѓани Албанци, нивното национално знаме двоглавиот орел. Затоа што, за овој национален симбол Албанците во последните 100 години плаќале цена која што, колку и да говорам јас тука не би успеал да опишам во кралска Југославија, во Титова Југославија, во Југославија на Милошевиќ, во Македонија до 2001 година, Албанците само заради тоа што го одбележувале денот на знамето, веејќи го националното знаме, црниот двоглав орел на црвено поле, биле прогонувани, следени, осудувани  и убивани. Висока цена плаќале Албанците и јас му благодарам на предлагачот кој што ни даде и ни укажа прилика и од оваа дебата да ја отвориме и да ја елаборираме оваа димензија на албанското жртвување, албанската болка, чиј дел сум и јас и многу мои другари од двете парламентарни групи.

Народниот поет, кога се говори за националното знаме и за мајчин јазик, повторно станува херој меѓу гробови. И јас со моите колеги пратеници, би направиле неопростива грешка, доколку не го дигнеме гласот и да алармираме. Зошто во овој предлог закон за изменување на Законот за празници во Република Македонија не е опфатен и овој свет ден, свет датум за сите албанци каде и да се. Затоа што, Ќе бидам транспарентен до крај. Освен тоа што на 28 ноември 1443 година Скендербег во Лежа ги собра сите феудалци Албанци и ги обедини во формата против продирање на Отоманската империја на Балканот, освентоа што на 28 ноември 1912 година Исмаил Кемали во Влора објави независност на албанската држава. Датумот 28 ноември, почитувани присутни, и сите оние кои не следат преку екраните, кај албанците има уште една димензија, тоа е роденденот на легендарниот командат на ослободителната војска на Косово Адем Јашари, кој е фигура која што симболизира отпор и спротивставување кон најубиствената апаратура кон крајот на 20-от век на Балканот.

Кога ќе се земат предвид овие моменти, кога ќе се имаат предвид овие факти не разбирам зошто предлагачот не го опфати и овој датум, или пак да бидам подиректен не разбирам зошто предлагачот навлезе на оваа работа, да предложи ваков Предлог на закон за изменување на Законот, зтоа што требало да знае дека ние немало да седиме индиферентни за ова запоставување. Нема да седиме индиферентни кон ова непочитување. Нема да толерираме вакво потценување. А зошто? Колку и да големи зборови, или ветувања се дадат доколку не се придружат со конкретни дела луѓето не им веруваат. Попусот ни е на сите да трубиме наваму натаму дека ние овде одгледуваме толерантност, дека ние тука афирмираме еднаквост и рамноправност и дека ние тука имплементираме европски стандарди доколку тие не се придружувани со ниту едно конкретно дејствување, а конкретно дејствување е и ова.

Број 11, колку што предложил предлагачот на овој закон за изменување на Законот за празници, доколку не се опфати Денот на албанското национално знаме да биде државен празник во Македонија на сите, нас ни е попусто, никој нема да ни верува, затоа што во оваа прилика сакам да се ставам и во позиција на пратеникот Албанец кој што припаѓа на актуелното парламентарно мнозинство, верувајте ништо повеќе, никој од нив нема повеќе обврска да го брани овој свет датум. Разбирам дека нема да им биде лесно, навистина ги разбирам дека нема да им биде лесно да не го поддржат овој амандман. Нема да им биде лесно да го гласаат овој закон каде Албанците, за жл, еве симболички ќе кажам “се задоволуваат”.

Лежа, Зора, Дреница се датуми, имиња, настани кои се поврзуваат со овој датум. Нема да ни прости историјата доколку не го направиме максимумот за да го спасиме тоа што е врвот на врвовите на албанското битисување, сеалбанско битисување. Граѓаните се многу понапредни од нас. Во етнички мешаните средини слободно се одбележувал 28 ноември секаде, меѓутоа биле инструментализирани системите кои на вештачки и насилен начин произведувале кризи и се обидувале да култивираат нетолерантност. Оваа Влада и ова парламентарно мнозинство, бидејќи веќе ја има отворено оваа тема, доколку не беше пред нас предлогот воопшто немаше да имаме ниту обврски, ниту пак прилика да говориме за ова прашање, меѓутоа бидејќи веќе е отворено ова прашање има само два пата. Или да го прифати предложениот амандман, технички ќе го наречам, од парламентарната група ДУИ и ПДП, или пак да го повлече законот затоа  што подобро да не се донесе закон кој што ќе произведе незадоволство, ќе одгледува, ќе култивира нетрпеливост отколку да се донесе закон кој што и пред да се усвои кај граѓаните Албанци самиот факт што не се опфаќа денот на националното знаме како државен празник се сфаќа како нешто што не обврзува, меѓутоа не уредува ниту едно прашање, односно тоа го доживува како исклучување на албанскиот граѓанин поради овие работи што ние тука се обидуваме да ги уредиме со закон. Водејќи сметка и за вашето трпение и внимавајќи да го избегнам повторувањето, јас пред да завршам со мојот збор нагласувајќи уште еднаш дека до земја клекнувам пред  сите датуми, настани и имиња од историјата на македонскиот народ. Клекнувам на земја пред сите фигури, моменти и настани на која и да е заедница во Македонија почнувајќи од ромската, бошњаците, турската, српската, влашката и другите, меѓутоа со толкаво достоинство и со толкава понижност почитувам и

барам да ме почитуваат, да се почитуваат сите настани, датуми, моменти, сите фигури кои што го симболизираат албанското битисување. И момент над моментите, настан над настаните е тоа што се оживотворува со датумот 28 ноември речиси шест века и повеќе. Затоа апелирам пред да се стисне копчето за гласање секој од нас да размисли што правиме и каква порака проследуваме. Граѓаните ќе знаат добро да го ценат тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеникот Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Почитуван господине Догани, почитувани пратеници.

Овој амандман е поднесен од наша страна од приини што мислиме дека 28 ноември во своето значење треба да се докаже како државен празник на Република Македонија. 28 ноември 1443 година е денот кога Скендер Бег ги обедини сите Албанци под исто знаме во Лежа и се бореше против Отоманската империјализација. Во однос на овој ден, денот на Албанското знаме 28 ноември сакам да нагласам дека  ова е еден свет датум за нас, ова знаме е наш национален симбол и за да го употребиме ни се овозможува со Законот за употребата на симболите и за да стане уште поважен овој симбол и поголем разумно е да има и свој роден ден, значи 28 ноември. Поради овие причини ние бараме, како предлагачи на овој амандман, овој празник да биде дел од членот 1 став 1 и по алинеја 5 да биде алинеја 6.

За да го образложам нашето барање за овој празник сакам да говорам малку во однос на историјата на Скендер Бег, во времето на поставувањето на знамето и битките кои тој ги имаше и овде во Македонија.

Во октомври 1443 година унгарските единици командирани од Јанош Хуниет откако влегоа во длабочините на Балканот и почнаа долга кампања која продолжи до почетокот на 1444 година одлучувачка битка беше на 3 ноември 1443 година во близина на Ниш каде османските единици се повлекоа како губитници. Во оваа битка од 3 ноември 1443 година се случи беше и Џорџ Кастриоти Скендер Бег. Токму распаѓањето на османските сили го осуди како најпогодниот момент за да се оддалечи од турската војска и ослободи од албанските подрачја. На 28 ноември 14443 година кога сите граѓани...

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот Иван Анастасовски).

**Иван Анастасовски:** Ве молам да се држиме до амандманот.

**Ајше Селмани:** Говорам и за амандманот.

И во моментот кога Скендер Бег осуди дека ова беше најповолниот момент за ослободувањето на албанските подрачја и на 28 ноември 1443 година за сите граѓани има голема радост, кога сите имаа во устата слобода тогаш се постави знамето, на 28 ноември 1443 година. Од мнозинството слушнавме разни дискусии дека 28 ноември е ден на Албанија и не треба да се празнува како државен празник на Република Македонија. Вистина е дека 28 ноември 1912 година е ден на независноста на Албанија, ден кога Смаил Кемал ја прогласил независноста на Албанија, но овде се говори за денот на албанското знаме кренато на 28 ноември 1443 година. Тогаш кога борците на Скендер Бег дојдоа во Дебар во соработка со телата на **Џешари и Захари** Гропа го ослободија и градот Охрид и тврдината во Сопотница издигната на северозапад од Битола заедно со Охрид и Сопотница во рацете на Скендер Бег исто така беа Струга, Кичево, Мокра или денешна Јакупица. Исто така клучниот пат Скопје-Кичево кој поминуваше по долината на реката Треска.

Една друга битка која ја имаше Скендер Бег во тоа време против Турците беше и битката во Полог. Полошката котлина се простира на Запад од Скопје и го поврзува патот Призрен-Тетово-Скопје и стариот пат Драч-Охрид-Кичево-Гостивар-Тетово-Скопје, но патот Скопје-Гостивар-Дебар кој поминуваше покрај Сува планина, клисурата Дервен поврзувајќи го со Гостивар. Оваа битка се одвиваше меѓу Гостивар и Тетово. Турската војска откако ја помина клисурата во Дервен  се воспостави во подножјето на планината над Желино. Значи битките на Скендер Бег беа со цел да се ослободи цела Европа која се наоѓаше под Османска империја и затоа ние се гордееме со една ваква личност, како што е Скендер Бег и правиме се сакајќи да ве убедиме вас дека еден ден како 28 ноември 1443 година е повеќе од разумно да се слави и во Република Македонија.

И на самиот крај имајќи го во предвид тоа дека разните народи се чествуваат меѓу себе почитувајќи се и почитувајќи ги празниците ние како Албанци се надеваме дека сме почитувани од другите, како што сме ги почитувале ние со години другите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Сепак јас сакам да апелирам да се држиме до она што е амандманот и зошто има потреба тој да биде прифатен или не.

Како овластен предлагач има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Не само како предлагач бидејќи сите пратеници од ДУИ се предлагачи на овој амандман, пратеничката која што дискутираше пред мене дискутираше за значењето на овој датум, меѓутоа ваш хендикеп е господине Анастасовски што вие не ја познавате таа историја и токму поради тоа ви се чини дека е надвор од темата нешто што не е така. Доколку ја познавате историјата вие ќе бидете убедени дека пратеничката во текот на целото време говореше токму за значењето на овој датум, така што ќе биде добро повеќе да читате литература, посебно за настаните на Балканот. Тука сигурно ќе наидете и на Скендер Бег, или пак за 18 ноември 1443 година, одржувањето на

Собранието во Лежа, затоа што многу историчари од тоа време, големи историчари и многу писатели и поети пишувале за тој ден, за тој историски настан кој што има исклучително големо значение и тоа што го кажав уште на почетокот дека тоа значење не е само за албанскиот народ, туку за сите народи на Балканот и се разбира говорам за Скендер Бег кој ги собра албанските принциви и ја сочува цивилизацијата на Европа. Имало толку написи и неслучајно во сите музеи или пак светски архиви има по нешто што е напишано за нашиот национален херој Скендер Бег кој што се поврзува токму со датумот 28 ноември. Јас ќе ги потсетам пратениците тука, тие што се присутни, затоа што другите сигурно немаат време да слушаат, имаат свои приватни бизниси горе-долу, говорам за пратениците од мнозинството и ќе ве потсетам дека минатата година...

(Пратеникот Зоран Витанов му дофрлува нешто на пратеникот Рафис Алити).

Вие сте обврзани да бидете повеќе тука присутни. Кога јас бев во мнозинство седев 24 часа седнат на фотелја господине Витанов, така што и вие треба да бидете тука присутни 24 часа. Затоа што кога го официјализиравме Тетовскиот универзитет требаше 24 часа да се седи тука без да се мрдне. Ние тоа го направивме, но добро тоа е ваш проблем и нема да се занимавам со тоа.

Јас ќе ве потсетам дека минатата година се одбележа 600 годишнината од раѓањето на Скендер Бег. Имаше свечена академија токму во Скопје, во Македонската академија на науките и уметностите, која покрај другото објави и една книга која се надоврзува токму со овој значаен датум. Книгата е од група автори и јас ќе ве потсетам само на имињата на тие кои што го дале својот придонес со своите написи, за да се комплетира една книга, како што е книгата пред мене. Ќе почнам од првиот човек кој што напишал напис, почитуваниот академик Цветан Грозданов. Има свој напис за овој датум, настан за нашиот национален херој Скендер Бег каде што вели дека слободата не ви ја донесов јас, туку ја најдов кај вас, што значи дека после тоа и го елаборира, или пак го образложи дејствувањето или причината што ја имало Собранието во Лежа.

По него стои Азис Положани кој се јавува со истиот наслов од таа книга.

По Азис Положани Гане Тодоровски кој што се претставува со еден друг наслов-Џорџ Кастриоти Скендер Бег, потребата на еден значаен поим од нашите денови и има неколку напишани фрагменти тука.

По него е Кристо Јашари-историското дело на Скендер Бег и следи Драги Ѓорѓиев-наслението во Дебарската каза според Османски извори. Потоа Оливер Шмит-Скентер Бег-елемент за повторно толкување, реинтерпретација, потоа Музафер Беслими-Свети град. Значи, се претставува со темата Свети град, локализација, хронологија и окупација од страна на Османлиите, Неби Дервиши-Охридска низина, Бобан Петровски, Воислава-Три балда, тоа е насловот со кој што се јавува, со неговиот напис во оваа книга, потоа име Јака, одекот на делото на Ваљак во Франција, Илјаз Реџа-Скендер Бег според историското дело, Пати и Патохати на турскиот аналитичар Епијан, Веби Џемаили.

Војните на Скендер Бег во Полошко, Љуан Малтези - “Конфликтот за пазарите на сол во времето на Скендер Бег”, Тони Филиповски, “Охридски и Дебарски региони”, подрачја и регионот (Албано) во третиот век, Билјана Ристовска Јосифовска - “Скендер Бег во целосната славомакедонска историја”, Владимир Чупевски “Скендер Бег себалкански мит” и, Катерина Тодоровска “Круја, тврдината на Скендер Бег”, Ѓорѓи Поп Атанасов - “Светата планина”, Ѓорѓи Ставрев - “Главните разлики во оригиналниот текст на епот Скендер Бег” и адаптирањето на неговото дело од страна на Прличев, Нехат Попај - “Скендер Бег” на Бекир Муслиу, така е насловен неговиот напис, Науме Радичевски - Интересирањето за Скендер Бег во книжевноста на јужните словени во 13-ти век, Валентина Миронска Христовска - “Личноста на Скендер Бег во македонската книжевност”, Јасмина Ристевска Пиличкова- “Симболизирањето и формите на развој на мотивот на двоглавиот орел”, Али Подримија - “Реалноста воздигната во мит”, Зекирија Незири- “Скендер Бег во книжевноста на националното хрватско пишување”, Адријан Папојани - “Фигурата на Скендер Бег во историските текстови во Албанија”, Ана Младеновска - “Фигурата на Скендер Бег” во епот со истото име на Глигор Прличев, Абедин Кроси - “Родното место на Скендер Бег во Дервент” и последното Томе Серафимовски - “Доживотниот мост”, всушност “Доживотната аура”.

Се поставува прашање зошто ги прочитав сите овие, сигурно ќе забележите дека од сите овие кои што ги прочитав, значи сите автори, 17 се Македонци кои што го дале својот придонес за делото и историјата, или пак тоа за што ние говориме 28 ноември од 1443 година. Доколку некој од вас земе и ги прочита сите овие написи на овие академици, историчари, писатели, ќе забележи дека Скендер Бег е многу голема фигура, светла фигура на Балканот и во европската цивилизација, што значи не е само на Албанците. За жал, ќе го констатирам тоа што го кажав на почетокот на мојот говор дека ова мнозинство многу малку посветува внимание, или пак значење токму на тоа што ни го нуди и се обидува се да присвојува само за себе, нешто што не е позитивно. Тоа го велам, затоа што ние сакале или не, многу работи од минатото не поврзуваат и тие работи ние на некој начин сакале, или не да ги почитуваме, фактите еден ден ќе не обврзат, или ќе не принудат да го почитуваме нашето минато било ние како Албанци, или пак другите народи на Балканот. Така што ние сме свесни дека нашите аргументи

кои што ги понудивме и во текот на денешниот ден ќе наидат на глуво уво, ќе наидат на глуво уво затоа што дефинитивно ова мнозинство јасно покажува дека нема политички сенс за посветла иднина, подобра иднина на сите заедници кои што живеат во Република Македонија. Еден претходен говорник рече многу убаво дека некому можеш само да му одземеш нешто на сила, меѓутоа не можеш да му дадеш. Мислам дека навистина некому се обидуваш да му дадеш, меѓутоа тој не му ја знае вредноста на тоа нешто што ти се обидуваш да му го дадеш. И се разбира тоа го отфрла. Меѓутоа, да му земеш некому некоја вредност, посебно кога се работи за историски вредности и да го присвоиш тоа само за себе е многу тешко. Така што ќе беше добро мнозинството лека, полека да ги свати новите реалности во Република Македонија. Ние говоревме надолго и нашироко зошто бараме и инсистираме 28 Ноември, Денот на знамето да биде државен празник и тука кај нас, затоа што нашето знаме се вее тука во Република Македонија, се вее заради Законот кој што се донесе за употребата на симболоте. И сигурно тоа што го спомнав и Законот за локална самоуправа е едно такво нешто го овозможува етничките заедници во разните општини да можат да ги празнуваат своите денови итн. И ова е таа линија која што ќе не афирмираше сите нас и ќе не зближеше сите нас, а не да одиме кон она што е раскол, или пак она што е, реков на почетокот дека Република Македонија е мултиетничка држава, мултиконфесионална држава и овие работи треба да се почитуваат. Доколку не се почитуваат овие работи, се разбира дека не само празниците, туку и многу други работи ќе наидат на спротивставување без оглед кој на која заедница и припаѓа.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме на гласање на амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Објавувам пауза до 17,15 часот.

(Пауза од 16,58 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,22 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да продолжиме со работа.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата за да пристапиме кон гласање.

Поради немање кворум за гласање, овде ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,32 часот)